Република Северна Македонија
Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје
**Факултет за ветеринарна медицина - Скопје**

**Број 0202 — 806/2**
**16.06.2020 година**

Врз основа на член 114 став 5 од Законот за високото образование („Сл. весник на РМ бр. 82/2018), член 62 и член 67 став 2 од Статутот на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје (Универзитетски гласник бр. 460 од 18 октомври 2019 година), Наставно - научниот совет на Факултетот на седницата одржана на 16.06.2020 година ја донесе следната

# О Д Л У К А
## за усвојување на Извештајот за работата на деканот проф. д-р Лазо Пендовски за периодот јуни 2019 година – јуни 2020 година

1. Се усвојува Извештајот за работата на деканот на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје проф. д-р Лазо Пендовски за периодот јуни 2019 година – јуни 2020 година.
2. Извештајот е составен дел на оваа одлука.
3. Извештајот да се достави до Ректорот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј “ во Скопје.
4. Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето.

**Образложение**

Врз основа на член 114 став 5 од Законот за високото образование и член 67 став 2 од Статутот на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје, деканот проф. д-р Лазо Пендовски поднесе до членовите на Наставно-научниот совет Извештај за работата за периодот јуни 2019 година – јуни 2020 година.

Наставно-научниот совет на Факултетот го разгледа Извештајот и по спроведеното јавно гласање од вкупно присутни 25 членови на ННС, едногласно донесе одлука како во диспозитивот.

Декан,
Проф. д-р Лазо Пендовски

Доставено до:
1. Декан на ФВМС
2. Ректор на УКИМ
3. Архива
4. Досие

**МКС EN ISO/IEC 17025**

Република Северна Македонија
Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје
**Факултет за ветеринарна медицина - Скопје**

Република Северна Македонија
Универзитет СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ во Скопје
ФАКУЛТЕТ ЗА ВЕТЕРИНАРНА МЕДИЦИНА во СКОПЈЕ

| Примено: 9.06.2020 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. | Бр. | Прилог | Вредност |
| 03 | 820 | | |

До:
Членовите на
Наставно-научниот совет
на Факултетот за ветеринарна медицина – Скопје

Предмет: Поднесување на Извештај за за работата на деканот на Факултетот за ветеринарна медицина-Скопје при Универзитетот ,,Св. Кирил и Методиј” во Скопје

Почитувани колеги,

Врз основа на членот 114 од Законот за високото образование (Службен весник бр. 82/2018 година), Во прилог ви доставувам за работата на деканот на Факултетот за ветеринарна медицина-Скопје при Универзитетот ,,Св. Кирил и Методиј” во Скопје.

Со почит,

Декан
Проф. д-р Лазо Пендовски

Република Северна Македонија

Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје

Факултет за ветеринарна медицина-Скопје

Република Северна Македонија
Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје
ФАКУЛТЕТ ЗА ВЕТЕРИНАРНА МЕДИЦИНА во СКОПЈЕ
Бр. 03-820
9.6. 2020 год.

# ИЗВЕШТАЈ

за работата на деканот на Факултетот за ветеринарна медицина-Скопје
при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје

**Проф. д-р Лазо Пендовски**

Јуни, 2020

Скопје, Р. Северна Македонија

# Содржина


1. Вовед.................................................................................................... 3
2. Наставно-образовна дејност........................................................................ 5
   2.1 Додипломски студии (интегриран прв и втор циклус) по ветеринарана медицина................................................................ 6
   2.2 Последипломски студии.......................................................................... 17
   2.3 Континуирано образование.................................................................... 19
3. Научно-истражувачка дејност..................................................................... 26
4. Применувачка (апликативна) дејност........................................................... 41
5. Инвестиции за развој на Факултетот........................................................... 47
6. Меѓународна соработка и активности на општествено ниво.......................... 53
7. Кадровска состојба на Факултетот.............................................................. 57
8. Мобилност на кадар и студнети ................................................................. 59
9. Студентска организација и студентски активности....................................... 62
10. Унапредување на условите и организацијата во финансиското работење со подобрување на материјалната состојба на Факултетот.......... 66
11. Работа на органите на управување на Факултетот...................................... 69
12. Заклучок.................................................................................................. 71

# 1. ВОВЕД

Извештајот за работата на Деканот на Факултетот за ветеринарна медицина-Скопје, проф. д-р Лазо Пендовски, го опфаќа периодот од јуни 2019 до јуни 2020 година, а се поднесува врз основа на членот 114 од Законот за високото образование (Службен весник бр. 82/2018 година) и членот 67 од Статутот на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје (Универзитетски гласник бр. 460 од 18 октомври 2019 година), каде Деканот е должен еднаш во годината да поднесе извештај за работата до Наставно-научниот совет и до Ректорот на Универзитетот ,,Св. Кирил и Методиј" во Скопје.

Во извештајниот период е прикажан дел од најзначајните активностите кои се одвиваа на Факултетот заедно со постигнатите резултати за развој на установата.

И оваа година работата на Деканот се одвиваше врз основа на позитивната законска легислатива, актите на УКИМ и ФВМС, поднесената програма за работа на Деканот, Стратегија за развој на ФВМС 2018-2023 почитувајќи ги донесените акти на Деканатската управа и Наставно-научниот совет на Факултетот со цел иден развој и создавање на нови капацитети.

Земајќи ја во предвид целокупната поставеност на Факултетот, Деканот заедно со Деканатската управа беа насочени кон унапредување и подобрување на образовната, научно-истражувачката, апликативната и клиничката дејност.

Во воведниот дел на Извештајот за работата на Деканот, посебно се издвојува последниот квартал од работата кој се изведуваше во состојба на панедмијата со болеста Ковид 19.

Во согласност со препораките на Министерство за образование и Универзитетот Св. "Кирил и Методиј" во Скопје, професорите и соработниците вклучени во наставниот процес на ФВМС и во овие услови на

работење, редовно ги држеа он-лајн предавањата на студентите а со тоа успешно се продолжи академската година за студентите на Факултетот за ветеринарна медицина-Скопје. Беа првезмени низа мерки и донесени повеќе одлуки со кои се овозможи континуитет на едукативниот процес на взаемно задоволство на вработените и пред се студентите.

Посебно во извештајниот период ги потенцирам активностите кои Факултетот ги превзема како "лабораторија од национален интерес на државата" ставајќи ги своите капацитети и ресурси на барање на Министерството за здравство и препорака од Комисијата за здравство, во борбата против пандемијата со Ковид 19.

Имено, благодарение на заложбите на вработените од Факултетот пред се од раководителите на лабораториите на молекуларна дијагностика, за серологија и микробилогија, човечките ресурси и претходно воспоставените капацитети а со подршка на Деканатската управа, донесена е Одлука бр. 0201 – 471/8 од 30.03.2020 година со која за времетраењето на вонредната состојба се склучи договор за деловно техничка соработка со кој се регулираа меѓусебни права и обврски помеѓу Министерство за здравство, Институт за јавно здравје на РСМ и Факултетот за ветеринарна медицина — Скопје во врска со тестирањето и детекцијата на Коронавирусот SARS-CoV-2 кој предизвикува COVID – 19 што ќе се врши во лабораториите на Факултетот за ветеринарна медицина – Скопје.

Со овој договор Факултетот се обврза да започне анализи на мостри за коронавирусот од 30.03.2020 година, во своите простории и на своја апаратура за изведување real-time PCR, а мострите (брисеви во медиум) кои се испитуваа во лабораторијата на Факултет за ветеринарна медицина-Скопје беше утврден со максимален дневен капацитет на проби за анализа од 35 на ден. Мострите се преземаа од обучено лице од Факултетот за ветеринарна медицина - Скопје, запазувајќи ги сите биосигурносни мерки и протоколи на Факултетот. Екстракцијата на вирусната RNA се изведуваше со употреба на автоматски систем за екстракција а прајмерите кои се употребуваа за утврдување на причинителот беа валидирани и потврдени со споредбена анализа со резултати добиени на веќе постоечка

инфраструктура на Институтот за јавно здравје на примероци со веќе познат статус. Анализите се вршеа со потврда на геномот на 2019- nCoV во три таргет региони (N1, N2 и E ген). Позитивните резултати се внесуваа во Националниот систем за електронски евиденции во здравството – "Мој Термин" на Министерството за здравство на Република Северна Македонија за кој добивме посебен пристап.

Благодарение на превземените активности, Факултетот за ветеринарна медицна ги прошири своите лабораторски капацитети за испитување на опасно заразни болести што преставува голем успех во позиционирањето на ветеринарната медицна како здравствена гранка во нашата држава.

## 2. НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

Наставно-образовната дејност како основна дејност на Факултетот за ветеринарна медицина-Скопје има висок приоритет во работата на Деканот и Деканатската управа.

Наставната дејност на ФВМС се остварува преку редовни додипломски и докторски студии, како и со различни облици на континуирано образование.

Во моментов на ФВМС се реализираат следниве акредитирани студиски програми:

- интегрираните студии по ветеринарна медицина од прв и втор циклус на македонски и англиски јазик (додипломски студии);
- докторските студии по ветеринарна медицина (трет циклус) и
- докторските студии по безбедност на храна (трет циклус).

Факултетот работата во наставно-образовната област ја заснова врз основите на Болоњскиот процес, Законот за високото образование и подзаконските акти на Универзитетот и Факултетот почитувајќи ги

принципите на Европските директиви кои се однесуваат за ветеринарното образование (2005/36/ЕС и 2013/55/ЕС).

Особено внимание во извештајниот период се посвети на подобрување на работа на постоечката акредитирана студиска програма на интегрирани студии од прв и втор циклус по ветеринарна медицина, акредитација на англиска студиска програма по ветеринарна медицина наменета пред се за едукација на странски студенти и имплементација на започнатите процеси за акредитација на специјалистички студии на Факултетот.

## 2.1 Додипломски студии (интегриран прв и втор циклус) по ветеринарана медицина

Земајќи во предвид дека основната задача на наставно-научниот кадар е имплементација на наставниот процес на додипломските студии слободно може да се истакне дека наставната програма на интегрираните студии од прв и втор циклус по ветеринарна медицина во извештајниот период успешно се реализира што е потврдено преку Одлуките бр. 0202-1185/3 од 5.07.2019 година и бр. 0202 – 153/10 од 13.02.2020 година донесени од страна на Наставно-научниот совет со која се усвоија извештаите од студентските анкети за квалитетот на наставата во учебната 2018/2019 и дел од 2020 година на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје, подготвени од Комисијата за самоевалуација на Факултетот.

Во моментов, Комисијата за самоевалуација на Факултетот го подготвува тригодишниот Извештај за самоевалуација на Факултетот во кој ќе бидат презентирани сите постигнати успеси во полето на образовната дејност на Факултетот со предлози и сугестии за подобрување на сегментите кои се со одредени недостатоци согласно ЕАЕВЕ критериумите.

Во оваа учебна 2019/2020 година е акредитирана новата студиска програма на интегрирани студии од прв и втор циклус по ветеринарна

медицина на англиски јазик од страна на Одборот за акредитација и евалуација на високото образование и е добиено Решение за почеток со работа од страна на Министерството за образование и наука (Решение бр. бр. 14-109/4 од 14.02.2020 година). Оваа програма како и онаа од додипломски студии акредитирани на македонски јазик се целосно комплемнтарни со критериумите на студиските програми на голем број ЕАЕВЕ акредитирани Факултети/Универзитети по ветеринарана медицина.

Доплнително програмата на интегрирани студии од прв и втор циклус по ветеринарна медицина на англиски јазик е за прв пат е додадена во Конкурсот за запишување студенти на прв циклус студии на студиските програми на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје во учебната 2020/2021 година.

И оваа година во извештајниот период се правеа напори за одржување на континуитет во квалитетот на наставата но и на унапредување на целиот наставно-образовен процес.

Така, распоредот на наставата е усогласен со универзитетскиот календар на активности на УКИМ, а распоредот на работни задачи на наставниците и соработниците на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје во учебната 2019/2020 година заедно со распоредот на предавањата и вежбите е усвоен од страна на Наставно-научниот совет на Факултетот (Одлука бр. 0202-1574/3 од 19.09.2019 година). Се донесе и одлука со која се усвојува дополнетата листа на наслови за дипломски трудови на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје за учебната 2019/2020 година (Одлука бр. 0202-1574/4 од 19.09.2019 година).

Поради реакредитацијата на новата наставна програма на интегрирани студии од прв и втор циклус по ветеринарна медицина на македонски јазик се појави и потребата за еквиваленција со старите студиски програми. За таа цел по предлог на Продеканот за настава и Деканатската управа, Наставно-научниот совет донесе Одлука бр/.0202-1574/6-1 од 19.09.2019 година со која се врши еквиваленција на студиската програма за интегрирани студии од прв и втор циклус на Факултетот за

ветеринарна медицина од академската 2009/2010 година со студиската програма за интегрирани студии од прв и втор циклус од 2018/2019 година. Дополнително со Одлука бр. 0202-1574/6-2 од 19.09.2019 година се изврши еквиваленција на студиските програми на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје, и тоа со студиска програма за додипломски студии по ветеринарна медицина од академската 1991/1992 година со интегрираните студии од прв и втор циклус по ветеринарна медицина од академската 2018/2019 година, со студиска програма за додипломски студии по ветеринарна медицина од академската 1996/1997 година со интегрираните студии од прв и втор циклус по ветеринарна медицина од академската 2018/2019 година и со студиска програма за додипломски студии по ветеринарна медицина од академската 2006/2007 година со интегрираните студии од прв и втор циклус по ветеринарна медицина од академската 2018/2019 година. Според овие еквиваленции завршените доктори по ветеринарна медицина што студирале според студиските програми од академската 1991/1992 година, од академската 1996/1997 година и од академската 2006/2007 година се стекнуваат со еднаков број на кредити со студентите што студираат според интегрираните студии од прв и втор циклус на ветеринарна медицина од академската 2018/2019 година.

Овие информации редовно се ажурираа на интернет страната на Факултетот а сето тоа овозможи поефективен режим на студирање и можност за навремена информација достапна до сите заинтересирани студнети.

Особено важно за наставниот процес на ФВМС беше што и оваа година се вклучени демонстратори во наставно-образовнот процес согласно новиот Закон за високото образование и актите на УКИМ и ФВМС.

Оваа мерка му овозможи на Факултетот а особено на одделни катедри значително унапредување на наставниот процес.

Токму затоа, Деканатската управа на ФВМС иницираше до Наставно-научниот совет да се донесе одлука за распишување на интерен оглас со кој ќе се утврди потребата од избор на демонстатори како помошници во

изведување на наставно-образовниот процес на прв и втор циклус интегрирани студии на Факултетот за ветеринарна медицина -Скопје, за учебната 2019/2020 година.

Наставно-научниот совет со Одлука бр. 0202-1445/3 од 27.08.2019 година утврди потреба од избор на демонстатори како помошници во изведување на наставно-образовниот процес на прв и втор циклус интегрирани студии на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје, за учебната 2019/2020 година и истовремено се формираа Комисии за избор.

Вкупно 13 катедри доставија барања за 16 демоснстратори на Факултетот.

Конкурсот за избор на демонстратори беше спроведен согласно Законот за високото образование (Сл. Весник на РМ бр. 82/2018) и Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставностручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот "Св.Кирил и Методиј" во Скопје (Универзитетски гласник бр. 411 од 5 ноември 2018).

Врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет бр. 0202-1774/5 од 14.10.2019 година се изврши избор на демонстатори како помошници во изведување на наставно-образовниот процес на прв и втор циклус интегрирани студии на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје, за учебната 2019/2020 година и тоа:

1. Катедра за хигиена на животните и заштита на животната средина - 1 демонстратор, Мирослав Ќосевски - студент на трет циклус студии по ветеринарна медицина на предметите Анимална хигиена и Однесување и благосостојба на животните.
2. Катедра за микробиологија и имунологија - 1 демонстратор, Наде Цветановска - студент на интегриран прв и втор циклус студи по ветеринарна медицина на предметите Микробиологија и Имунологија.
3. Катедра за визуелни дијагностички методи - 1 демонстратор, Александар Јаневски - студент на трет циклус студии по ветеринарна

медицина на предметите Визуелни дијагностички методи, Клиничка и лабораториска дијагностика на фармски животни, Клиничка практика на фармски животни.

4. Катедра за ветеринарна хирургија- 2 демонстратори, Тодор Новаков – студент на трет циклус студии на ветеринарна медицина на предметот Анестезиологија и Јане Влахов - студент на интегриран прв и втор циклус студии по ветеринарна медицина на предметот Општа хирургија.
5. Катедра за заразни болести и епидемиологија - 1 демонстратор, Иван Матевски - студент на интегриран прв и втор циклус студии по ветеринарна медицина на предметот Заразни заболувања кај домашните животни.
6. Катедра за патофизиологија и Катедра за патолошка морфологија- 1 демонстратор, Сара Ѓорѓиевска - студент на интегриран прв и втор циклус студии по ветеринарна медицина на предметот Патолошка физиологија.
7. Катедра за биологија и патологија на риби, пчели и дивеч, 2 демонстратори- Ивана Арсовска - студент на интегриран прв и втор циклус студии по ветеринарна медицина на предметот Биологија и патологија на дивеч и Борис Димитриевски - студент на интегриран прв и втор циклус по ветеринарна медицина студии на предметот Биологија и патологија на пчели.
8. Катедра за безбедност на храна — 1 демонстратор, Марија Раткова Мановска - студент на трет циклус студии по ветеринарна медицина на предметот Хигиена и технологија на производи и суровини од животинско потекло.
9. Катедрата за функционална морфологија- 2 демонстратори, Димитар Божиновски - студент на интегриран прв и втор циклус студии по ветеринарна медицина на предметите Анатомија на животните и Клиничка анатомија и Моника Довенска — студент на трет циклус студии по ветеринарна медицина на предметот Хистологија со ембриологија.

10. Катедрата за биохемија и биологија на клетка- 1 демонстратор, Стефан Јованов- студент на втор циклус студии на хемија, на предметите Биохемија и Клиничка биохемија.
11. Катедра за репродукција – 1 демонстратор, Кристина Дојчиновска - студент на интегриран прв и втор циклус студии на ветеринарна медицина на предметот Репродукција на животните.

Дополнително, поради унапредување на наставната дејност на додиполмските студии Наставно - научниот совет на Факултетот на седницата одржана на 13.02.2020 година донесе Одлука со која се утврди потреба од дополнителен избор на демонстатори како помошници во изведување на наставно-образовниот процес на прв и втор циклус интегрирани студии по ветеринарна медицина на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје, за учебната 2019/2020 година (Одлука бр. 0202 — 153/6 од 13.02.2020 година) за 7 катедри, и формираше Комисија за избор. На Конкурост се пријавија 3 демонстратора и тоа на Катедра за паразитологија и паразитни заболувања - 2 демонстратори(Љубица Рашиќ - студент на трет циклус студии и Кристина Атанасова - студент на интегриран прв и втор циклус студии по ветеринарна медицина) и на Катедрата за биологија и патологија на риби, пчели и дивеч се пријави 1 демонстратор (Александар Трајчовски - студент на трет циклус студии по ветеринарна медицина ) на предметите Биологија и патологија на дивеч и Биологија и патологија на пчели (Одлука на Нставно научниот совет бр. 0202-372/7 од 31.03.2020 година).

Во извештајниот период, наставата на Факултетот за ветеринарна медицина беше збогатена со вклучување на еден визитинг-наставник по барање на Катедрата за функционална морфологија. За таа цел, Наставно-научниот совет на ФВМС донесе одлука за вклучување на визитинг наставник од Универзитет во Белград, Р. Србија од Институтот за биолошки науки „Синиша Станковиќ“ - Белград за учебната 2020/2021 година (Одлука бр. 0202 — 153/11 од 13.02.2020 година) за проф. д-р Верица Милошевиќ, редовен професор да биде ангажирана во областа 40704 –

Хистологија, на предметот Хистологија со ембриологија. Постапката е потврдена ид Униврезиттескиот сенат на Униврезитетот Св. Кирил и Методиј во Скопје.

Исто така и оваа година, во рамките на планираните активности во учебната 2019/2020 година, вклучените визитинг наставници согласно предметната програма и во договор со предметните настаници одржаа предавања за студентите на ФВМС за кои се поднесени извештаи до Продеканот за настава.

Процесите за вклучување на визитинг наставници и стручни лица од практиката и понатаму ќе продолжи во зависност од потребите на катедрите и барањата на професорите кои треба да иницираат постапки за нивно вклучување во наставно-образовниот процес на ФВМС.

Во поглед на уписната политика, Декантската управа на Факултетот за ветеринарна медицина-Скопје во соработка со Центарот за кариера и ПР агенција превзедоа засилени пропагандни активности за информирање на матурантите со можностите кои им се нудат за студии на ФВМС.

И оваа година се подготвени флаери, летоци, постери и брошури во кои се опишани условите за студирање и истите се поделени на матурантите. Промоција на студентските програми е направена и преку социјалните мрежи поради состојбата од пандемија на Ковид 19 поради која наставниот процес имаше огромни измени.

Беа превземени низа активности каде нашите услуги и образовни програми се презентирани преку националните телевизии, радиа како и интернет портали.

Факултетот на 22.8.2019 година, како и секоја година, имаше свој штанд во рамките на Отворениот ден на УКИМ, кој оваа година се одржа на градскиот плоштад. Нашиот Факултет ги претстави новиот „Водич за студенти“ и „Прегледот на предметните програми“, некои наслови од македонските преводи на реномирани светски учебници што ги поседува нашата библиотека, дел од нашата колекција пластинирани анатомски препарати, прибор за клиничка практика, но секако најголема атракција и овојпат беа нашите животни.

Исто така беа посетени неколку средни училишта во Скопје, во месеците февруар и март (пред состојбата со Ковид 19) приштo беше извршена промоција на Факултетот.

Во однос на уписите, Конкурсот за запишување на нови кандидати во учебната 2019/2020 година беше спроведен од Конкурсната комисија со одлука на Наставно-научниот совет (бр. 0202-1185/2 од 5.07.2019 година).

И оваа година беа реализирани три уписни рока. Рангирањето на студентите се вршеше врз база на постигнатиот успех од средното училиште и од резултатите од државната/училишна матура (без полагање на тестови), а пријавувањето на кандидатите се вршеше електронски, преку интернет апликација на iKnow системот.

Во првиот уписен рок се пријавија вкупно 23 кандидати. Од нив, според одредбите на Конкурсот, 22 се запишаа како студенти на ФВМС во државната квота (со делумна партиципација од 200 евра годишно, во денарска противвредност). Исклучок беа 10-те прворангирани кандидати, кои согласно со Одлуката за доделување на стипендии на студентите на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје бр. 02- 557/8 од 23.4.2019 година, донесена од страна на Универзитетскиот Сенат, се ослободени од плаќањето делумна партиципација. Покрај нив, вон квота се запиша и еден студент како дете на бранител кој беше ослободен од школарина.

Во вториот уписен рок се пријавија вкупно 5 кандидати, и сите тие се запишаа како студенти на ФВМС во државната квота (со делумна партиципација од 200 евра годишно, во денарска противвредност).

Во третиот уписен рок се пријавија 2 кандидати, и се запишаа како студенти на ФВМС во државната квота (со делумна партиципација од 200 евра годишно, во денарска противвредност).

Според тоа во извештајниот период, на ФВМС во учебната 2019/2020 година се запишаа 30 студенти од што се забележува благо покачување на бројот на новозапишани студенти односно е остварена 85.7% уписна реализација и има благо покачување споредено со претходните години. Искрено се надевам дека овој тренд на новозапишани студенти ќе продолжи и во следните учебни години.

На 15 Ноември 2019 година, деканот проф. д-р Лазо Пендовски, ги додели дипломите на 25-та генерација студенти која ги заврши студиите на Факултетот за ветеринарна медицина – Скопје. Притоа од името на сите професори и соработници им го честита успешното завршување на студиска програма ветеринарна медицина и им посака успешна професионална кариера. Настанот се обележа на пригоден и свечен начин а дипломираните студенти беа облечени пригодно во свечени одори кои ги носат обележјата на Факултетот и Универзитетот.

Посебно место во овој извештаен период одвојувам за поврзаноста на наставниот процес со состојбата на Ковид 19 кој силно го погоди образовниот процес.

И во овие услови Факултетот како одговорна институција превзема низа мерки со цел да се одржи наставниот процес за студентите.

Така врз основа на заклучоците на Комисијата за заразни болести на Министерството за здравство, утврдени на седницата одржана на 10.03.2020 година, како и врз основа на Одлуката на Владата на РСМ, а со цел да се заштити здравјето на студентите и вработените и да се заострат мерките и активностите за превенција од ширење на корона вирусот, Факултетот за ветринарна медицна по известувањето од Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје го запре одвивањето на наставниот процес во периодот од 11 до 24.03.2020 година.

Увидувајќи ја потребата за преструктуирање на наставата и следејќи ги препораките на Владата на РСМ, ресорното Министерство и одлуките на УКИМ, по иницијатива на Деканатската управа, Факултетот донесе неколку одлуки со кои овозможи наствата да се одвива преку електронски пат.

Така Наставно-научниот совет на ФВМС со Одлука бр. 0202 - 372/17 од 31.03.2020 година овозможи да продолжи начинот на реализација на дејностите на Факултетот за ветеринарна медицина - Скопје согласно со мерките на надлежните органи во Република Северна Македонија за спречување на внесување и ширење на корона вирусот CoVid – 19. Односно врз член 18 од Правилникот за начинот на реализација на дејностите на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје и единиците во неговиот

состав согласно мерките на надлежните органи во Република Северна Македонија за спречување на внесување и ширење на Корона вирусот CoVid-19 (Универзитетски гласник бр. 489 од 25 март 2020 година), Наставно-научниот совет на Факултетот донесе Одлука за доуредување и уредување на прашањата поврзани со начинот на работа на Факултетот во услови на вонредна состојба во услови на важење на Уредбата со законска сила за примена на Законот за високото образование за време на вонредна состојба („Сл. весник на РСМ“ бр.76/2020).

Така наставата на прв и втор интегриран циклус на студии на Факултетот (предавања, вежби, консултации, семинарски работи, проектни задачи и сл.) се одлучи да продолжат да се одвиваат преку средства за електронска комуникација согласно усвоениот распоред за летниот семестар од учебната 2019/2020 година, преку е-учење.

Сепак за практичната настава, односно лабораториските вежби за кои е потребно физичко присуство на студентите се донесе одлука истото да се запире се додека не се зоздадат услови за нивно безбедно одржување.

За непречена реализација на он-лине наставата, Факултетот набави 5 лиценци од системот за видеоконференции "Zoom" кој според одлуката стана основно средство за одржување на настава на Факултетот. Со одлуката се доуредија и прашањата за испитите и континуираните проверки на Факултетот за ветеринарна медицина – Скопје, роковите за изработка и одбрана на дипломска работа, докторските студии и сл.

Сето тоа овозможи наствниот процес и во вонредна состојба на државата да се одвива непрекинато, со силен ентузијазам од наставно-научниот кадар и студентите.

Постојаната грижа за наставниот процес на Деканот и Деканатската управа и понатаму продолжи со донесување на одлуки во интерес на студентите. Така Наставно-научниот совет на седницата одржана на 26.05.2020 донесе Одлука бр. 0202-767/11 за одржување на наставните активности по официјалното завршување на летниот семестар кои што поради вонредната состојба не беа реализирани во текот на летниот

семестар (практична настава, континуирани проверки), како и завршните испити, одбраните на дипломски труд и докторска дисертација, да можат бидат спроведени со физичко присуство на студентот, односно кандидатот, со примена на протоколот содржан во Одлуката за изменување на Одлуката за мерки за спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19. Полагањето на завршните испити се овозможи да се одвиваат и по електронски пат а продеканот за настава и координаторот за ЕКТС се задолжија да направат распоред за горенаведените активности, во координација со предметните наставници и со студентите.

Сите овие активности допринесоа за непречено одвивање на наставата во вонредни услови во државата.

Во извештајниот период, Деканот покажа постојана грижа за вработените и отворање на можности за избор се распишани редовни конкурси за 9 лица во повисоки звања согласно новиот Закон за високо образование. Исто така согласно претходните воспоставени принципи на работа во изминатите години на мене како декан и претходните раководни лица на Факултетот преку донесени одлуки од наставно-научниот совет е утврдена потребата за распишување конкурс по прв пат за избор на 2 лица во наставно-научни звања (доцент). За жал постапките се прекинати поради проблеми со државната адиминистрација. И покрај неколку пати упатените писма до ресорните Министерства за образование и наука и Минситерството за финансии, се уште немаме одобрениа за продолжување на постапката што преставува сериозен проблем на Факултетот кој е наметнат од страна на државните институции.

Како декан и понатаму ќе се заложувам овие процеси да продолжат со цел унапредување на наставниот процес.

Токму затоа сакам да истакнам дека при реализацијата на наставно-образовната дејност, веќе подолго време Факултетот се соочува со дефицит на соработнички кадар. Како проблем сè уште претставува кадровската екипираност на одредени катедри.

Но, и покрај ваквиот проблем наставата целосно се реализираше со безрезервниот ангажман на целиот наставно-научен кадар, на

демонстраторите, визитинг професорите и на наставниците ангажирани од другите единици на УКИМ.

На крајот би сакал уште еднаш да потенцирам дека квалитетот на студирањето на Факултетот за ветеринарна медицина - Скопје треба и може да се подигне само со ефикасен модел на финансирање кој произлегува од реалните потреби, а важен предуслов за успешно решавање на овој проблем е донесување на предлог-мерките за финансирање на високото образование врз основа на индикатори за реално чинење на образованието на одредени профили, во кои припаѓа и вреднувањето на наставата како главна одлика на Факултетот за ветеринарна медицина-Скопје.

## 2.2 Последипломски студии

Последипломските студии на Факултетот за ветеринарана медицина се интегративен дел на докторските студии на Универзитетот, кои се организираат и реализираат од Школата за докторските на УКИМ.

Во изминатата година бројот на студенти докторанди кои се запишале на трет циклус – докторски студии на ФВМС изнесува само 3 и тоа на програмата Ветеринарна медицина. Во извештајниот период, 4 кандидати успешно ја одбранија својата докторска дисертација поминувајќи ги сите пропишани процедури и донесени одлуки преку органите на управување на Факултетот.

Во извештајниот период, земајќи во предвид усвоената Стратегија за развој на ФВМС 2018-2023 и Одлуките на Наставно-научниот совет за формирање на Комисиии за изготвување на предлог за воведување на специјалистички студии на Факултетот за ветеринарна медицина – Скопје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, единствена Комисија која ја исполни оваа задача е Комисија за изготвување на предлог-наставен план и програма за специјалистички стручни студии од втор циклус по безбедност и квалитет на храна со ветеринарно јавно здравство. По предлог на Комисијата е усвоен Елаборатот за воведување на студиска

програма од II циклус на стручни студии по безбедност и квалитет на храна на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје (Одлука од ННС бр. 0202-2193/5 од 23.12.2019 година). Елаборатот е доставен до Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје каде ги помина сите постапки и тела на Уиверзитетот. До овој момент Елаборатот е испратен до Одборот за акредитација и евалуација на високото образование и се чека на понатамошна процедура.

Како Декан повеќе пати иницирав на Наставно-научниот совет на ФВМС да и другиите две специјалитички програми (Ветеринрана медицина и Благосостојба на животни) за кои има донесено Одлуки и се формирани комисии да се изработат. Искрено се надевам дека комисиите ќе ги почитуваат одлуките на ННС и ќе пристапат кон нивно изготвување во период кој следува.

Поради корона-кризата во државата како декан иницирав вонредна седница на Наставно-научниот совет со цел донесување на одлуки за продолжување на важноста на Студиската програма за трет циклус-докторски студии по Безбедност на храна и Ветеринарна медицина на Факултетот за ветеринарна медицина – Скопје согласно Уредбата со законска сила за примена на Законот за високото образование за време на вонредна состојба (Сл. Весник на РСМ бр. 76/20). Со донесувањето на одлуките (бр. 0202 - 680/1 и бр. 0202 - 680/2 од 13.05.2020 година) се овозможи роковите за важење на акредитацијата, односно реакредитацијата на постојните студиски програми на сите три циклуси на високото образование, вклучувајќи ги и решенијата за почеток со работа за овие студиски програми, чија важност престанала во академската 2019/2020 година, продолжуваат да важат најмногу до крајот на академската 2020/2021 година.

До поднесувањето на овој извештај, Совететот на докторски студии по безбедност на храна го подготви Елаборатот за реакредитација на студиската програма од трет циклус на студии по Безбедност на храна, и истиот ги помина органите и телата на ФВМС и е доставен на понатамошна постапка во Универзитетот. Подготвен е и Елаборатот за реакредитација на

студиската програма од трет циклус на студии по Веетринарна медицина кој е во постапка на органите и телата на ФВМС.

## 2.3 Континуирано образование

Во доменот на активностите за континуирано образование, Факултетот за ветеринарна медицина одржа неколку работилници, обуки и други форми на континуирана едукација. Континуираното образование преставува една од задачите и одговорности на Факултетот со оглед на позицијата и одговорноста која ја имаме за нашето општество.

Како и минатите години, за оваа цел, иницирано од Деканатската управа, Наставно-научниот совет на ФВМС донесе Одлука бр. 0202-1574/5 од 19.09.2019 година со која ја усвои листата на наслови на теми за континуирана едукација на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје за учебната 2019/2020 година. Оваа листа е доставена до Ветеринарната комора со цел нашите предавачи да бидат вклучени со понудените теми во едукативните настани кои ги организира комората.

Посебно сакам да ја истакнам одржаната 1. Меѓународна работилница за регенеративна медицина на тема: "Запознавање со клеточно базирани терапии и терапии со плазма збогатена со тромбоцити (ПЗТ): Клинички пристап" (1st International Regenerative Medicine Workshop: Introduction to cell-based and platelet rich plasma (PRP) therapies: clinical-translational approach) која се организираше на 12 септември 2019 година во просториите на Факултетот за ветеринарна медицина.

Работилницата се состоеше од два дела, теоретски и практичен дел.

Теоретскиот дел беше одржан во предавална бр. 2 на Факултетот, каде поканетите предавачи ги споделија своите сознанија за најновите достигнувања во областа на регенеративната медицина, како и примената и улогата на матичните клетки во ветеринарната медицина. Веднаш по

поздравниот говор на Деканот, проф. д-р Лазо Пендовски, на првиот дел од работилница беа одржани предавања од :

- доц. д-р Ксенија Илиевска (Osteoarthritis: degenerative joint disease in dogs and current concept of treatment),
- проф. д-р Луиза Паскучи (prof. Luisa Pascucci - Mesenchymal Stromal Cells: Biology and Therapeutic Applications in Veterinary Medicine),
- проф. д-р Мери Марфи (prof. Mary Murphy- Mesenchymal Stromal Cell Therapy: Challenges in Manufacturing and Characterization),
- проф. д-р Френк Бери (prof. Frank Barry-Cellular Strategies for Osteoarthritis) и
- др. Ана Ивановска (Immunomodulatory Abilities of Licensed Mesenchymal Stromal Cells).

На теоретскиот дел присуствуваа вкупно 69 учесника од кои 24 беа колеги од ФВМС, 1 учесник од ветеринарна амбуланта АмиВет од Софија, 1 учесник од Факултетот за ветеринарна медицина од Софија, 2 учесника од Факултетот за ветеринарна медицина од Белград, 1 учесник од Косово, колеги од ветеринарните амбуланти од Скопје и Кочани (Др. Налетоски, ПетВет Аеродром, Анимал Медика, Ветеринарна клиника Здравје, Могливет), Веледрогерија Фарма Вет и ЗОО Скопје. Покрај колегите од мала пракса, беа присутни и колеги од Медицински и Природно-математички факултет при УКИМ, УГД – Штип, Ремедика, Клиника за хематологија-УКИМ, Забна ординација Дентин, Општа болница во Гевгелија. Дополнително, на теоретски дел од работилницата учествуваа и 10 студенти од ФВМ-С, кои истовремено беа ангажирани за дочекот на учесниците.

За време на практичниот дел, воведното предавање од страна на проф. д-р Стефано Гроли беше одржано во предавална 1, за улогата и примената на плазма збогатена со тромбоцитии (ПЗТ) во секојдневната пракса (prof. Stefano Grolli - Platelet Concentrates in Regenerative Medicine:

Biological basis and Preparation Methods), додека практичниот дел се одржа во лабораторија. Практичниот дел од работилницата го водеа проф. Стефано Гроли и д-р Ана Ивановска, на кој беа присутни вкупно 14 учесници, кои беа поделени во две групи. Секој учесник самостојно, имаше можност да подготви плазма од крв од коњ и воедно да ги забележи разликите на состојбата на плазма и гел ПРП, која беше подготвена еден ден претходно од страна на проф. Гроли.

За потребите на работилницата беше изработен флаер во електронска форма кој беше поставен на интернет страната на ФВМС, на кој беа поставени информации за поканетите предавачи и предавањата кои ќе бидат одржани заедно со практичниот дел на работилницата и дополнителните информации за настанот.

На секој учесник му беше доделен сертификат за учество, со вкупен број на часови кои се одслушани за време на теоретскиот дел од работилницата, а дополнително беа доделени двојни сертификати само на учесниците на практичната сесија, каде исто така беше наведено предавањето со вкупен број на часови поминати на работилницата. Исто така, беше подготвена и книга со предавања, а за учесниците на практичната сесија им беше поделен материјал со протоколи за подготвка на ПРП.

На 1. 11. 2019 година во организација на Факултетот за ветеринарна медицина – Скопје се одржиа Симпозиумот „Респираторни болести кај живината и нивна превенција“ а коодинатор и иницијатор беше колегата проф. д-р Александар Додовски. Ко-организатори на Симпозиумот беа Македонските ограноци на Светската ветеринарна живинарска асоцијација (WVPA) и Светската живинарска научна асоцијација (WPSA). Покрај предавачите од Факултетот за ветеринарна медицина – Скопје, проф. д-р Александар Додовски и Мирослав Ќосевски, свои предавања имаа и проф. д-р Ласло Короши од Унгарија и претставник од Агенцијата за храна и ветеринарство. Факултетот за ветеринарна медицина – Скопје како водечка

научна институција од областа на ветеринарната медицина во Македонија постојано ги следи трендовите и барањата на стопанството. Во таа насока овој Симпозиум претставуваше одлична можност за пренесување на научните достигнувања до сите засегнати страни и е показател за соработката помеѓу науката и стопанството.

Понатаму, на 14.02.2020 на Факултететот за втеринарана медицина се одржа Координативен состанок за спроведување на активностите за Африканска свинска чума пропишани во Годишната наредба за здравствена заштите на животните во 2020 година на кој присуствуваат инспектори од Агенцијата за храна и ветеринарство, сопственици на приватни ветреинарни друштва и сопственици на фарми. На едукативниот настан воведно обраќање имааа проф. д-р Лазо Пендовски – Декан на ФВМС, д-р Зоран Атанасов, ДВМ – Директор на АХВ и проф. д-р Јована Стефановска – Раководител на Ветеринарен институт. Во рамките на едукацијата беа презентирани две предавања:

- Основни податоцизa болеста африканска чума кај свињите, мострирање, пакување и праќање на примероците за лабораториска анализа и дијагностички тестови (доц. д-р Игор Џаџовски)
- Биосигурност при мострирање и манипулација со угинати свињи сомнителни на болеста АЧС во фармски услови (науч.сор. д-р Бранко Анѓеловски)

Во извештајниот период се реализираа и неколку обуки кои секоја година ФВМС ги изведува во зависност од барањата на стопанството или други научни, едукативни или стручни институции.

Така вработените на Институтот за храна и оваа година извршија повеќе обуки за стручната подготовка за основните знаења за безбедноста на храната а во врска со „Правилникот за поблиски барања по однос на стручната подготовка и основните знаења за безбедност на храната, програма за стекнување на основните знаења за безбедност на храната, условите кои треба да ги исполнат правните и физичките лица кои

спроведуваат обуки за основните знаења за безбедност на храната, во согласност со правилата за добра хигиенска пракса, заштита на животната средина, начинот на проверката на знаењата и издавањето потврди за стекнати основни знаења за безбедност на храната (Сл. Весник на РМ бр. 5/2013)“ и тоа:

- обука за друштвото за трговија, производство и услуги Гранд Експорт за организирање на курс за хигиена на храна и заштита на животната средина за 4 нововработени лица во подружницата Grand Foods Corporation. ( 25.10.2019 година)
- обука за спроведување на обуки за Курс по основи на хигиена на храна за 38 вработени во Млекара АД – Битола ( 14.12.2019 година)
- обука за Елида ДОО – Куманово за организирање на обука на 3 вработени ( 07.02.2020 година)

Исто така и во Центарот за благосостојба на ФВМС се одржаа едукативни обуки од обласата на благосостојбата на животните врз осова на добиените Решениа од Агенцијата за храна и ветеринарство со кое Факултетот за ветеринарана медицина-Скопје, Центар за благосостојба на животни се овластува да држи обуки, спроведува испит и издава уверение за компетентност на возачи и надзорници на транспорт на живи животни и да врши обука на лица од собирни центри и добиточни пазари и да држи обуки и издава сертификат за компетентност за заштита и благосостојба на животни за време на колење и убивање на животни и придружни операции во кланица.

Во Центарот за благосостојба се извршени следниве обуки:

I. Обука за превоз на живи животни
   - Скопје, 54 кандидати на ден 16.12.2019 и испит на ден 23.12.2019 ,
   - Скопје, 46 кандидати на ден 03.02.2020 и испит на ден 10.02.2020,
   - Скопје во процедура обуки за 15 кандидати

II. Обука за персонал за работа во прифатилиште за бездомни животни

Скопје 4 обуки на ден 01.06.2020

Тука, посебно сакам да го истакнам склучениот Договор за деловно техничка соработка бр. 03-598 од 24.4.2020 година инициран од проф. д-р Влатко Илиески, помеѓу Факултетот за ветеринарна медицина и Јавно претпријатие за благосостојба на животни „Лајка„ Скопје со кој ФВМ-С се обврзува дека преку својот стручен персонал од Центарот за благосостојбата на животните по барање на комитентот ќе ги врши:

- анализа и доработка на актуелната студијата/програмата за контрола на популацијата на бездомни кучиња во град Скопје;
- проценка на популација на кучиња и вршење на анкета за истражување на јавното мислење;
- cost-benefit анализа на целиот систем на управување со бездомните кучиња од аспект на јавното здравје и благосостојбата на животните.
- мониторинг и контрола на стандардните оперативни постапки во работата во прифатилиштето;
- континуирана едукација на лицата кои работат во прифатилиштето каде стручните лица од ФВМС ќе се ангажираат во изведувањето на континуираната едукација за персоналот во прифатилиштето преку претходно изготвена програма за основите на законските одредби за благосостојбата на животните, заловување и транспорт на животните, евиденциони постапки, спецификација и нормативи за прифатилиштето како и стандардни оперативни постапки. Обуката се комплетира со проверка на знаењето и издавање на сертификат.

Факултетот по барање на Агенцијата за храна и ветеринраство, донесе одлука и го номинира проф. д-р Пламен Тројачанец за член во работната група за спроведување на  едукација во основните училишта за одговорно сопствеништво на домашните миленици, формирана со решение на Директорот на Агенцијата за храна и ветеринарство бр. 02-3504/1 од 5.11.2019 година. Во рамките на оваа едукација колегата  заедно со студнети од Факултететот посетија и извршија едукација во повеќе образовни институции во нашата држава.

Активностите на колегите од Ветеринарниот институт исто така имаа голем придонес во остварувањето на континуираната едукација.

Така во периодот од 2 септември – 1 октомври 2019 година во Лабораторијата за серологија и молекуларна дијагностика на Ветеринарниот институт преку рамките на континуираната соработка со заедничката дивизија на ФАО и Меѓународната агенција за атомска енергија (FAOIAEA Join Division) се организираше лабораториски тренинг на Mr. Reda EDERA од Мароко, за молекуларни дијагностички методи за детекција и диференцијација на зоонотски и биоинформатички софтвер пакети за изведба на филогенетски анализи.

Понатаму, одржан е тренинг курс од 14.10 – 2.12.2019 година за Dr. Alpha Amadou DIALLO, DVM, Msc, PhD од Laboratoire National d`Elevage et de Resherches Veterinaires – ISRA/LNERV, Дакар, Сенегал со цел совладување на техники за молекулрна типизација и филогенетска анализа на бактерии од родот Mycobacterium, каде се одржани едукации „Molecular study using Spoligotyping, VNTR and Genus Typing techniques for the calssification of Mycobacterium secies“

Во рамките на IAES TC и проектот BDI5002 одржан е тренинг курс од 14.10-13.12.2019 година на тема употреба на молекуларни, серолошки и конвенционални дијагностики методи за детекција и диференцијација на бруцелозата, како и болестите од значење за Бурунди и обука за користење на биоинформатички софтвер пакети за изведба на филогенетски анализи, за д-р Lionel Nyabongo и Manifique Mbazumutima од Бурунди.

Вработените од Ветеринарниот институт беа ангажирани во активностите за реализација на проектот под наслов „Restructuring & strenghthening of the Food Safety&Veterinary network in Albania (FSVLN)“ и одржаа тренинг курс за совладувањеана молекуларните методи за дијагностика на антракс, дирекна детекција на бактериите од MTBC , како и нивна диференцијациај за 2 лица вработени во FSVI (Food Safety od Veterinary Institute) од Албанија.

Тука посебно сакам да ги истакнам и планираните активности за одржување на два собира кои поради новонастаната состојба се одложени за следната година.

Првиот предвиден настан беше предвиден да се одржи 27-29 мај 2020 година во организација на Факултетот за ветеринарна медицина на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, заедно со Чарлс Луис Дејвис и Самуел Весли Томпсон ДВМ Фондацијата од САД, го организираат 3-тиот меѓународен состанок на Фондацијата за ветеринарнарна патологија на источна Европа. Беа поканети познати ветеринарни специјалисти, д-р Моника Веле (Институт за патологија, Ветеринарен факултет, Универзитет во Берн, Швајцарија) и д-р Мети Киупел (Колеџ за ветеринарна медицина, Универзитет во Мичиген, САД), да одржат предавања за дерматопатологија, болести на свињи и онкологија, како и проф. д-р Трпе Ристоски кој беше и иницијатор на натснот (Катедра по патологија, Факултет за ветеринарна медицина – Скопје) со предавање за Заразни болести кај кучиња и мачки.

Исто така и традиционалниот научен-стручен собор "Денови за ветеринарна медицина" кој беше планирано да се организира во септември 2020 година но се одложени со одлука на ННС поради пандемијата со коронавирусот, иако беа формирани сите организациони структури и превземени сите неопходни мерки и активности за негова организација.

## 3. НАУЧНО-ИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Научно-истражувачката дејност на Факултетот за ветеринарна медицина – Скопје како и секоја година, така и оваа се одвиваа во недостаток на финансиска поддршка од државата. На Факултетот научната дејност се одвива во лабораториите преку реализација на активности на вработените во научно-истражувачки проекти, изработка на дипломски и докторски трудови, учество на стручни и научни собири во земјата и во

странство, објавување на научни трудови во научни списанија и други активности.

По иницијатива на Деканот, Наставно-научниот совет донесе Одлука бр. 0202-956/9 од 6.06.2019 година согласно Правилникот за начинот и постапката за финансирање на научно-истражувачки проекти на Факултетот за ветеринарна медицина – Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје (Универзитетски гласник бр. 416 од 25 јануари 2019 година) да отпочне постапка за доделување на средства за реализација на научно-истражувачки проекти на Факултетот за ветеринарна медицина – Скопје. Со истата одлука се формираше Конкурсна комисија составена од 5 наставника кои имаа задача да го подготват конкурсот за апликација на проектите.

По апликација на проектите, ННС формираше Рецензиони комисии (Одлуки бр. 0202-1574/15, 0202-1574/16 и 0202-1574/16 од 19.09.2019 година) кои беа задолжени да ги оценат предлог – проектите и да поднесат реферат во писмена форма на македонски јазик во рок од 30 дена од денот на доставувањето на предлог – проектот до Конкурсната комисија за спроведување на интерниот Конкурс за доделување на средства за реализација на научно – истражувачки проекти на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје објавен на 15.08.2019 година.

По завршување на сите процедури, за прв пат на Факултетот за ветеринарна медицина се прифатија за финасирање следниве проекти:

- Антимикробна резистенција кај изолати на коменсална Esherichia coli во Република Северна Македонија" (Antimicrobial susceptibility in commensal Esherichia coli izolates in Republic of North Macedonia) - главен истражувач проф. д-р Деан Јанкулоски, реферат број 03- 1862 од 18.10.2019 година со траење од 2 години.
- „Молекуларни истражувања на јајце клетки со различна развојна способност" (Molecular study of the oocytes with different developmental competence) - главен истражувач проф. д-р Флорина Поповска -

Перчиниќ, реферат број 03-1866 од 18.10.2019 година со траење од 2 години

- „Имунохистохемиска метода во дијагностиката на вирусните болести кај домашните миленици" (Aplication of the immunohistochemical method in the diagnostic of viruse disease in domestic animals) - главен истражувач проф. д-р Трпе Ристоски, реферат број 03-1962/2 од 18.10.2019 година со траење од 2 години.

Исто така вработените на ФВМС успеаа и понатаму да ги продолжат своите активности на неколку постојни и да започнат со нови научно-истражувачки проекти.

Активности имаше во следниве проекти:

1. Проценка на контаминацијата на некои видови храна со акриламид како продукт на maillard реакцијата и евалуација на одредени постапки за негова едукција во термички обработени производи од компир
   финансиран од: УКИМ
   главен истражувач: виш. науч. сор. Д-р Елизабета Димитриеска-Стојковиќ
   времетраење: 2018-2019
   тип на проект: Нацонален проект УКИМ
2. Heat stress and animal welfare in small-scale dairy holdings in Kosovo and FYR of Macedonia
   финансиран од: HERAS – Higher Education, Research and Applied Science во програмата Research Cooperation and Networking between Austria, Kosovo and the Western Balkan Region
   главен истражувач: проф. д-р Влатко Илиески
   времетраење: 2018-2019
   тип на проект: Нацонален проект УКИМ
3. Мониторинг, морфолошка и молекуларна идентификација и филогенетска карактеризација на црвената вошка (Dermanyssus gallinae) во живинарските фарми во Република Македонија

финансиран од: УКИМ
главен истражувач: д-р Алексдандар Додовски
времетраење: 2019-2020
тип на проект: Национален проект УКИМ

1. BioHorizon: a network of BIO NCP's
   финансиран од: Европска Унија, Horizon 2020
   главен истражувач: Божена Подланска
   учесници од ФВМС: доц. д-р Трпе Ристоски
   времетраење: 2016-2020
   тип на проект: Меѓународен проект
2. Reviving of Farriery; Disappearing Profession
   финансиран од: Erasmus Plus Programme / KA2 – Cooperation and Innovation for Good Practices Strategic Partnerships for Adult Education
   главен истражувач: Halil S. Biricik
   учесници од ФВМС: доц. д-р Ксенија Илиевска, проф. д-р Лазо Пендовски, проф. д-р Пламен Тројачанец, проф. д-р Зехра Хајрулаи-Муслиу, доц. д-р Бранко Атанасов, доц. д-р Елена Атанаскова Петров, Мирослав Радевски, ДВМ, Тодор Новаков, ДВМ.
   времетраење: 01.09.2018-31.08. 2020
   тип на проект: Меѓународен проект
3. Establishing Genetic Control Programmes for Aedes Invasive Mosquitoes
   финансиран од: Европска Унија, IAEA истражувачки проект
   главен истражувач: Martin Krause
   учесници од ФВМС: проф. д-р Јована Стефановска, д-р Александар Цветковиќ, Љубица Рашиќ ДВМ
   времетраење: 2016-2019
   тип на проект: Меѓународен проект
4. Integrated Radiometric and Complementary Techniques for Mixed Contaminants and Residues in Food
   финансиран од: Европска Унија, IAEA истражувачки проект
   главен истражувач: D-r James Sasanya

учесници од ФВМС: проф. д-р Зехра Хајрулаи-Муслиу, проф. д-р Велимир Стојковски, проф. д-р Деан Јанкулоски, д-р Ристо Узунов
времетраење: 17.03.2017-16.03.2022
тип на проект: Меѓународен проект

5. Enhancing National Capabilities for Early and Rapid Detection of Priority Vector Borne Diseases of Animals (Including Zoonoses) by Means of molecular Diagnostic Tools
   финансиран од: Европска Унија, IAEA истражувачки проект
   главен истражувач: Ivancho Naletoski
   учесници од ФВМС: проф. д-р Јована Стефановска, доц. д-р Кирил Крстевски, доц. д-р Игор Џаџовски, Загорка Попова
   времетраење: 2018-2020
   тип на проект: Меѓународен проект
6. Promoting integrated approaches to animal helath and plant protection in Abkhazia
   финансиран од: Austrian Development Agency
   учесници од ФВМС: доц. д-р Игор Џаџовски, доц. д-р Кирил Крстевски
   времетраење: 2018-2020
   тип на проект: Меѓународен проект
7. Improved implementation of animal health, food safety and phytosanitary legislation and corresponding information systems
   финансиран од: Европска Унија
   главен истражувач: Агенција за храна и ветеринарство
   времетраење: 2019
   тип на проект: Меѓународен проект
8. Livestock Sector Development Project
   финансиран од: Меѓународна банка за обнова и развој и Светска банка
   главен истражувач: Меѓународна банка за обнова и развој и Светска банка
   времетраење: 2019/2020

тип на проект: Меѓународен проект

9. Improvement of the Performance and Quality of the Public Extension Service in the Livestock Sector EUROPEAID/136437/IH/SER/AL. AL/IPA/2013/06
   финансиран од: IPA
   главен истражувач: Mr. Blendi Skëndo,
   учесници од ФВМС: доц. д-р Игор Џаџовски, доц. д-р Кирил Крстевски
   времетраење: 2017-2020
   тип на проект: Меѓународен проект
10. Addressing the dual emerging threats of African Swine Fever and Lumpy Skin Disease in Europe (DEFEND)
   финансиран од: Horizon 2020
   главен истражувач: The Pirbright Institute Lbg
   учесници од ФВМС: доц. д-р Игор Џаџовски, доц. д-р Кирил Крстевски
   времетраење: 2018-2023
   тип на проект: Меѓународен проект
11. Strengthening Capabilities of Member States in Building, Strengthening and Restoring Capacities and Services in Case of Outbreaks, Emergencies and Disasters
   финансиран од: IAEA
   главен истражувач:Иванчо Налетоски
   учесници од ФВМС: доц. д-р Игор Џаџовски, доц. д-р Кирил Крстевски
   времетраење: 2020
   тип на проект: Меѓународен проект
12. European network for sharing data on the geographic distribution on arthropod vectors, transmitting human and animal diseases agents
   финансиран од: Европска Унија, EFSA и ECDC истражувачки проект
   главен истражувач: MarietaBraks

учесници од ФВМС: проф. д-р Јована Стефановска, д-р Александар Цветковиќ
времетраење: 2019-2023
тип на проект: Меѓународен проект

13. Improving Early Detection and Rapid Response to Potential Outbreaks of Priority Animal and Zoonotic Diseases
финансиран од: Европска Унија, IAEA истражувачки проект
главен истражувач: Mr Teufik Goletic
учесници од ФВМС: проф. д-р Јована Стефановска, доц. д-р Кирил Крстевски, доц. д-р Игор Џаџовски, Загорка Попова
времетраење: 2020-2023
тип на проект: Меѓународен проект

14. Enhancing the Capacity to Integrate Sterile Insect Technique in the Effective Management of Invasive Aedes Mosquitoes
финансиран од: Европска Унија, IAEA истражувачки проект
главен истражувач: Dr. Antonios Michaelakis
учесници од ФВМС: проф. д-р Јована Стефановска, д-р Александар Цветковиќ, Љубица Рашиќ ДВМ
времетраење: 2020-2023
тип на проект: Меѓународен проект

Исто така, наставно-научниот кадар на Факултетот аплицираше проекти од различни програми како:

1. Interdisciplinary platform for Animal welfare, Law Ethics and Communications in higher veterinary education in South-East Europe
финансиран од: Еразмус + (KA2 – Strategic partnership in higher education)
главен истражувач: проф. д-р Влатко Илиески
времетраење: 2020-2022
тип на проект: Меѓународен проект
2. Shepherd star
финансиран од: ERASMUS+ (KA204 Strategic Partnership for Adult Education)

главен истражувач: проф. д-р Зехра Хајрулаи-Муслиу

времетраење: 2020-2022

тип на проект: Меѓународен проект

3. Implementation of the Gait Analysis System in Veterinary Higher Education Institutions

   финансиран од: Еразмус + (KA2 - Cooperation for Innovation and the Exchange of Good Practices)

   главен истражувач: доц. д-р Ксенија Илиевска

   времетраење: 2020-2022

   тип на проект: Меѓународен проект

4. Animal monitoring using smart sensors

   финансиран од: Еразмус + (KA2 - Cooperation for Innovation and the Exchange of Good Practices, KA203 – Strategic Partnerships for higher education)

   главен истражувач: Мирослав Ќосевски ДВМ

   времетраење: 2020-2022

   тип на проект: Меѓународен проект

5. Precision livestock farming: using 'Optical Flow' to assess activity in turkeys

   финансиран од: German Federal Ministry of Education and Research (BMBF), Western Balkans R&D cooperation funding programme

   главен истражувач: Мирослав Ќосевски ДВМ

   времетраење: 2020-2022

   тип на проект: Меѓународен проект

6. Establishment of National Biobanking Centre and capacity building for introduction and utilization of platforms for advanced molecular differentiation of animal/zoonotic pathogens

   Precision livestock farming: using 'Optical Flow' to assess activity in turkeys

   финансиран од: IAEA

   главен истражувач: доц. д-р Игор Џаџовски

   времетраење: 2022-2023

тип на проект: Меѓународен проект

7. Надзор и молекуларна епидемиологија на авијарните парамиксовируси и вирусите на авијарната инфлуенца во Кина и Македонија"
   финансиран од: Министерството за образование и наука за кофинансирање на заеднички македонско – кинески научно-истражувачки проекти за периодот од 2020-2021 година.
   Главен истражувач: проф. д-р Александар Додовски.
   тип на проект: Меѓународен проект
8. Vet Skills for non conventional pets (VET exotics)
   финансиран од: Еразмус + (KA2 - Cooperation for Innovation and the Exchange of Good Practices)
   главен истражувач: доц. д-р Ксенија Илиевска
   времетраење: 2020-2022
   тип на проект: Меѓународен проект

И во оваа извештајна година Факултетот одвои значителна финансиска подршка за учество на вработените со научни и стручни трудови на симпозиуми, конференции и конгреси во земјата и во странство, стручни обуки, работилници, курсеви како и со објавување на научни трудови во различни меѓународни списанија со фактор на влијание, набавка на стручна литература врз основа на Одлука за научно и стручно оспособување на вработените на Факултетот за ветеринарна медицина во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје (Универзитетски гласник на УКИМ со бр. 416 од 25 јануари 2019 година) со што се овозможи непречено научно усовршување на кадарот на Факултетот и воспоставување контакти и соработка со колеги и институции од земјата и од странство како и промоција на Факултетот и на Универзитетот.

Во извештајниот период, ФВМС овозможи непречена научна дејност со обезбедување на средства во голем дел од страна на самиот Факултет но исто така беа и користени финансиски средства од меѓународни, национални и билатерални проекти, COST акции, финасии обезбедени преку учество во меѓулабораториски размени и сл. Деканатската управа во

постапка утврдена согласно актите во изминатиот период одобри учества на вработените на симпозиуми, конгреси, разни видови на обуки, тренинг школи, работилници, кратки престои, студиски посети и друг видови на едукација.

Освен тоа, академскиот кадар на ФВМС учествува во активностите на разни европски работни мрежи, најмногу во мрежата COST (European Coopeartion in Science and Technology). Овие активности се од апликативен карактер, бидејќи целта им е размена на искуства за новите процедури и техники во апликативната и истражувачката работа и организирање обуки за подобрување на професионалните вештини. Во извештајниот период академскиот кадар на ФВМС учествувал во следниве акции:

1. Understanding and combating African Swine Fever in Europe (ASF-STOP)
   финансиран од: Европска Унија, COST проект
   главен истражувач: Dr Dolores GAVIER-WIDEN
   учесници од ФВМС: доц. д-р Игор Џаџовски, доц. д-р Кирил Крстевски
   времетраење: 2016-2020
2. Synergy for preventing damaging behaviour in group housed pigs and chickens (GroupHouseNet)
   финансиран од: Европска Унија, COST проект
   главен истражувач: Prof Andrew Janczak
   учесници од ФВМС: проф. д-р Влатко Илиески, Мирослав Радески ДВМ
   времетраење: 2016-2020
3. Keel bone damage
   финансиран од: Европска Унија, COST проект
   главен истражувач: Dr Michael Toscano
   учесници од ФВМС: проф. д-р Влатко Илиески
   времетраење: 01.06.2016 – 01.06.2020
4. Maternal interaction with gametes and embryos
   финансиран од: Европска Унија, COST проект
   главен истражувач: School of Veterinary Medicine, Milan Italy

учесници од ФВМС: проф. д-р Тони Довенски, проф. д-р Флорина Поповска Перчиниќ, д-р Мартин Николовски, Моника Довенска ДВМ
времетраење: 2017-2021

5. Ammonia and Greenhouse Gases Emissions from Animal Production Buildings
   финансиран од: Европска Унија, COST проект
   главен истражувач: д-р Г. Жанг
   учесници од ФВМС: доц. д-р Александар Додовски, Мирослав Радески ДВМ
   времетраење: 2017-2021
6. ENOVA (European Network on Vaccine Adjuvants)
   финансиран од: Европска Унија, COST проект
   главен истражувач: Vaccine Formulation Institute (UK)
   учесници од ФВМС: проф. д-р Славчо Мреношки, доц. д-р Искра Цветковиќ
   времетраење: 2017-2021
7. Combating anthelmintic resistance in ruminants
   Финансиран од: Европска Унија, COST проект
   главен истражувач: Dr. Johannes CHARLIER
   учесници од ФВМС: проф. д-р Јована Стефановска, д-р Александар Цветковиќ, Љубица Рашиќ ДВМ
   времетраење: 2017-2021
8. European Raptor Biomonitoring Facility
   Финансиран од: Европска Унија, COST проект
   главен истражувач: Gue DUKE
   учесници од ФВМС: проф. д-р Благица Сековска, д-р Катерина Благоевска в.н.сор.
   времетраење: 2017-2021
9. Innovative approaches in pork production with entire males
   Финансиран од: Европска Унија, COST проект
   главен истражувач: Ulrike WEILER
   учесници од ФВМС: доц. д-р Никола Адамов

времетраење: 2016-2020

10. In vitro 3-D total cell guidance and fitness
    Финансиран од: Европска Унија, COST проект
    учесници од ФВМС: проф. д-р Тони Довенски
    главен истражувач: Prof Tiziana BREVINI
    времетраење: 2017-2021
11. Aedes invasive moscquitoes
    Финансиран од: Европска Унија, COST проект
    главен истражувач: Prof Alessandra DELLA TORRE
    учесници од ФВМС: проф. д-р Јована Стефановска, д-р Александар Цветковиќ, Љубица Рашиќ ДВМ
    времетраење: 2018-2022
12. Standardizing output-based surveillance to control non-regulated diseases of cattle in the EU
    Финансиран од: Европска Унија, COST проект
    главен истражувач: Dr Inge SANTMAN-BERENDS
    учесници од ФВМС: доц. д-р Игор Џаџовски, доц. д-р Кирил Крстевски
    времетраење: 2018-2022
13. Behavioural Management and Training of Laboratory non-human Primates and Large Laboratory Animals (PRIMTRAIN)
    Финансиран од: Европска Унија, COST проект
    главен истражувач: Prof Stefan TREUE
    учесници од ФВМС: проф. д-р Влатко Илиески
    времетраење: 2016-2020
14. European Network for Optimization of Veterinary Antimicrobial Treatment
    Финансиран од: Европска Унија, COST проект
    главен истражувач: Mr Peter DAMBORG
    учесници од ФВМС: проф. д-р Ромел Велев, проф. д-р Славчо Мреношки, проф. д-р Павле Секуловски, доц. д-р Искра Цветковиќ
    времетраење: 2019-2023

15. Risk-based meat inspection and integrated meat safety assurance
Финансиран од: Европска Унија, COST проект
главен истражувач: Dr Bojan BLAGOJEVIC
учесници од ФВМС: доц. д-р Сандра Мојсова, м-р Љупчо Ангеловски, доц. д-р Мирко Проданов
времетраење: 2019-2023
16. Control of Human Pathogenic Micro-organisms in Plant Production Systems
Финансиран од: Европска Унија, COST проект
главен истражувач: Dr Leo VAN OVERBEEK
учесници од ФВМС: доц. д-р Сандра Мојсова, м-р Љупчо Ангеловски
времетраење: 2017-2021
17. Novel tools for test evaluation and disease prevalence estimation" (HARMONY)
Финансиран од: Европска Унија, COST проект
главен истражувач: Dr Polychronis KOSTOULAS
учесници од ФВМС: доц. д-р Игор Џаџовски, доц. д-р Кирил Крстевски
времетраење: 2019-2023

Една од активностите која ја ревзема Деканатската управа во правец на подобрување на научно-истражувачките напацитети на Факултетот беше и иницијативата за унапредување на меѓународното списание "Macedonian Veterinary Review". За таа цел направена е и е поставена нова интернет платформа на macvetrev.mk која претставува целосно динамичко решение на управување. Системот е изработен во програмски јазик кој овозможува веб пристап до целата содржина на списанието, со што се овозможува системот да се прилагодува и адаптира на било какви промени. Во основа, системот поседува две структури, и тоа:

- кориснички интерфејс; и
- администраторски интерфејс.

Корисничкиот интерфејс овозможува тековните посетители да ја прегледуваат целата содржина на списанието (трудови, изданија, автори, итн.) и дополнително поседува најава за корисниците во улога на автори, рецезенти и едитори. Најавата е поврзана и интегрирана целосно со ManagerManuscript, веб систем за целосна динамичка контрола и управување со авторите и нивните трудови и рецезентите. Дополнително во корисничкиот интерфејс има подесено систем за пребарување на трудовите за нивно полесно наоѓање. Во блокови се прикажани парнтерите, метриките како и најпосетуваните трудови на самиот веб систем. Целата содржина и сите информации се достапни за корисниците и посетителите на системот во наједноставна, елеганта и современа форма за лесно прегледување.

За најава на администраторскиот интерфејс се пристапува преку посебен линк кој не е достапен до јавноста поради безбедност. Поседува многу функционалности и целосно е изработен на едноставен начин за работа со различните модули, т.ш. може да го совлада било кој корисник со основно познавање на информатичка технологија. Овие функционалности вклучуваат:

- креирање, бришење и едитирање на изданија, додавање на нови броеви;
- креирање, бришење и едитирање на трудови, едноставно додавање на нови трудови и едитирање на истите преку пополнување на едноставна форма за да се создаде истиот;
- динамично креирање, бришење и едитирање на содржини што се прикажуваат за корисниците. Содржините се направени да се креираат и едитираат на многу едноставен начин како да се работи во добро познатите алатки за пишување како word, откако ќе се напише содржината, истата се форматира во HTML за да се објави за приказ на корисниците;
- динамичко креирање, бришење и едитирање на главните менија, подменија и футер менијата на главната страна за корисниците;

- динамичко креирање, бришење и едитирање на партнери на списанието, објавувани со слики и текс;
- динамичко креирање, бришење и едитирање на метриките на списанието;
- дел за лесно конакт подесување на списанието;
- дел за е-пошта подесување на списанието, преку која контактираат корисниците;
- трудовите се објавуваат со можност за пдф превземање и xml превземање. Исите, при пополнување на формата за внесување се појавуваат во HTML формат за читање;
- административниот дел поседува целосна контрола над сите овие функционалности со опции за прикажување, активирање и деактивирање на истите.

Сите овие поставености овозможуваат да самите уредници подготвуваат статии во HTML и XML верзија за кои порано се одделуваа значителни финансиски средства од Факултеот.

Како и претходните години и овој пат Факултетот во соработка со Медициснкиот, Фармацевтскиот и Стоматолошкиот факулет обезбеди претплата за пристап на Research4Life програмата за 2020 година каде се опфатени сите пет програми– AGORA, OARE, HINARI, ARDI и GOALI со што се овозможи на нашите вработени да имаат директен пристап до научни бази со целосни трудови.

Доплнително по иницијатива на Деканот, Продеканот за наука и Ко-уредникот на Македонски Ветеринарен Преглед, се овозможи пристап до базата на SCOPUS за месеците мај и јуни. За таа цел направен е состанок со одговорниот менаџер на Scopus преку ЗООМ платформата со цел да се обезбеди пристап до базата. За жал преплатата за 1 година изнесува 30,000 евра. Земајќи во предвид дека тоа е превисокоа цена за еден Факултет кој не може таа сума да си ја дозволи останува на државните институции да обезбедат пристап до научните бази како што е тоа во другите Универзитети во странство.

Тука посебно сакам да го истакнам и добиеното почесно звање на проф. д-р Јозеф Лауринчиќ кој по иницијатива на Инстутутот за репродукција и биомедицина, Наставно научниот совет донесе Одлука бр.0202-2090/6 од 3.12.2019 година со кое се дава предлог за доделување на звањето почесен доктор на науки (doctor honoris causa) на проф. д-р Јозеф Лауринчик од Универзитетот Константин Филозоф – Нитра, Словачка до Комисијата за соработка со универзитетите во странство, Комисијата за настава и Комисијата за наука при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје. По успешно завршените процедури, Ректорската управа и Универзитетскиот сенат донесоа одлуки со кое проф. д-р Јозеф Лауринчиќ се здоби со титулата почесен доктор на науки (doctor honoris causa) на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје. Со тоа Факултетот за ветринарна медицина доби врвен научник и едукатор, човек кој повеќе децении работи во дејноста и ја шири научната мисла, а во својата работа строго се држи до принципите на научната етика.

Деканатската управа со цел подигнување на научно-истражувачките капацитети на ФВМС континуирано ги подобрува условите за научно-истражувачка работа преку опремување на лабораториите што допринесува за зголемување капацитетите и отворање на можности за апликација на научно-истражувачки проекти.

## 4. ПРИМЕНУВАЧКА (АПЛИКАТИВНА) ДЕЈНОСТ

Главен столб за развој на Факултетот за ветеринарна медицина преставува апликативната дејност преку која директно се проверуваат теоријата и практичните аспекти на професијата. Истовремено применувачката дејност преставува значаен финансиски атрибут како дополнителна приходна ставка во факултетскиот буџет преку која се обезбедуваат дополнителни финансиски средства на вработените но и сите останати инвестиции пред се во опрема, реагенси, потрошни материјали, тековно одржување и инвестиции во објектите и инфраструктирата,

одржување и набавка на автомобили, осигурувања, инвестиции во човечки ресурси, патувања, обуки и сл.

Преку апликативната работа ФВМС е во постојана комуникација со барањата на стопанските субјекти и институциите од јавниот сектор.

Како и во претходните години така и во овој извештаен период, Факултетот учествуваше во постапките за јавни набавки преку кои се потпишани повеќе договори за вршење на лабораториски услуги со Агенцијата за храна и ветеринарство и тоа:

| | | |
|---|---|---|
| • Лабораториски услуги за Програма за контрола и превентива на одделни физички , хемиски и биолошки опасности во определени видови или категории храна за 2019 година | 05/07/2019<br>09/07/2019 | 2,160,000 мкд<br>35,122 € |
| • Лабараториски услуги за ветеринарно јавно здравство | 11/11/2019<br>18/11/2019 | 34,257,640 мкд<br>557,035 € |
| • Лабараториски услуги за мониторинг на безбедноста на храната на Република Македонија | 19/09/2019<br>23/09/2019 | 253,440 мкд<br>4,121 € |
| • Лабараториски услуги за мониторинг на безбедноста на храната на Република Македонија | 16/07/2019<br>23/09/2019 | 1,086,780 мкд<br>17,671 € |
| • Лабараториски услуги за здравствена заштита на животните од заразни болести | 18/02/2020<br>19/02/2020 | 143,530,063 мкд<br>2,333,822 € |
| • Лабораториски услуги за Програма за контрола и превентива на одделни физички , хемиски и биолошки опасности во определени видови или категории храна за 2020 година | 30/03/2020<br>01/04/2020 | 1,846,000 мкд<br>30,016 € |
| • Лабараториски услуги за мониторинг на безбедноста на храната на Република Македонија | 11/05/2020<br>13/05/2020 | 1,212,460 мкд<br>19,715 € |

| | | |
|---|---|---|
| • Лабараториски услуги за мониторинг на безбедноста на храната на Република Македонија | 11/05/2020<br>13/05/2020 | 420,000 мкд<br>6,829 € |
| • Лабараториски услуги за мониторинг на безбедноста на храната на Република Македонија | 11/05/2020<br>13/05/2020 | 372,500 мкд<br>6,057 € |
| • Лабараториски услуги за ветеринарно јавно здравство | 02/06/2020<br>03/06/2020 | 34,436,850 мкд<br>559,949 € |

Земајќи во предвид дека системот на ISO 17025 за акредитација на методите во лабораториите на ФВМС е една од круцијалните сегменти за развојот на Факултетот, во извештајниот период се преземени низа активности за имплементација на новиот MKS EN ISO:IEC 17025:2018 со проширување на опсегот за акредитација со дополнителни методи.

Така со одлука на Деканатската управа (бр. 0201 – 1022/3 од 6.06.2019 година-најпрво се усвои новата листа на менаџерски тим на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје за стандардот „МКС EN ISO/IEC 17025:2018". Со цел подготовка на одговорните лица за имплентација на новата верзија од стандардот, Деканатската управа донесе Одлука бр. 0201 –2007/10-23 од 14.11.2019 година со која се одобри организирање на дводневна обука со практични примери за транзиција кон МКС ISO/IEC 17025:2018 за сите членови со нивните заменици на менаџерскиот тим задолжени за имплементација на МКС ISO/IEC 17025:2018. Обуката беше одржана од страна на надворешен предавач Батислав Милошевиќ кој има долгогодишно искуство во поставување, одржување на системи за квалитет, како и долгогодишно искуство во како технички и водечки проверувач за потебите на АТС и ИАРСМ. Обуката насловена „ Интерпретација и примена на барањата на ISO/IEC 17025:2017„ се одржа на 25-26.11.2019 година на Факултетот за ветеринарна медицина. На неа присуствуваа 42 учесници од ФВМС, и сите по положен тест добија

сертификат кој ја потврдува нивната спремност за имплентација на системот.

По повеќе месечна подготовка на документите за имплементација на стандардот МКС EN ISO/IEC 17025:2018, и откако од страна на менаџерски тим на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје за стандардот „МКС EN ISO/IEC 17025:2018" беа изготвени нацрт верзиите на сите документи. Координаторот за квалитет за имплементација на стандардот МКС EN ISO/IEC 17025:2018 изготви дигитален систем за полесен контролиран систем на пристап кон документите од системот за квалитет.

На 7. Состанок на Менаџерскиот тим за имплементација на МКС EN ISO/IEC 17025:2018 одржан на 13.01.2020 утврдено е дека за успешна имплементација на новата верзија на стандардот неопходно е персоналот вклучен во системот за квалитет покрај надворешната обука за МКС EN ISO/IEC 17025:2017, да помине и обука начинот на имплементација на стандардот во документите и записите на Факултетот за ветеринарна медицина-Скопје.

Деканатската управа го задолжи Координаторот за квалитет за имплементација на стандардот МКС EN ISO/IEC 17025:2018, доц. д-р Мирко Проданов да ги одржи обуки за вработените и тоа една обука на 16.01.2020 година техничка обука за користење на документите и записите од системот за квалитет согласно барањата од точка 6 и 7 на стандардот МКС EN ISO/IEC 17025:2018 на целиот персонал вклучен во системот за квалитет и втората на 17.01.2020 година техничка обука за користење на документацијата и записите од системот за квалитет согласно барањата од точка 8 на стандардот МКС EN ISO/IEC 17025:2018 на сите раководители на институти, нивните заменици, на сите раководители на лаборатории и нивните заменици вклучени во системот за квалитет. (Одлука на ДУ бр. 0201-41/2-2 од 13.01.2020 година). Обуката за користење на документите и записите од системот за квалитет согласно барањата од точка 6 и 7 на стандардот МКС EN ISO/IEC 17025:2018 ја совладаа 53 вработни на Факултетот. Обуката за користење на документацијата и

записите од системот за квалитет согласно барањата од точка 8 на стандардот МКС EN ISO/IEC 17025:2018 ја поминаа 20 лица.

Од страна доц. д-р Мирко Проданов беа одржани и дополнителни обуки за интерни оценувачи согласно новите барања на стандардот МКС EN ISO/IEC 17025:2018. Обуките беа одржани на 13.02.2020 и 18.20.2020 и успешно ја имаат поминато 12 лица од лабораториите на ФВМС.

Понатаму, Деканатската управа ја одобри примената на новиот Прирачник за квалитет и сите процедури кои произлегуваат од него потребни за функционирање на системот за квалитет согласно барањата од стандардот МКС EN ISO/IEC 17025:2018, а неговата примена започна од 20 јануари 2020 година.

Како услов за проверка за успешноста на имплементацијата на новата верзија на правилникот за квалитет беа закажани интерни проверки во период 02-13.03.2020 година. Поради појавата на пандемијата со COVID-19 и препораката повеќе луѓе да не се групираат во затворени простории изведувањето на интерните проверки на лице место беше оневозможено. Ова значително се отежна со вклучувањето на една од лабораториите во дијагностика на COVID-19. Поради тоа на беше решено да се изврши само проверка на документите и интерните проверки да се вршат on-line таму каде е примелниво, а за лабораториите кои се вклучени во дијагностиката на COVID-19 како и сведочењето на методите да се изведе штом се створат услови за тоа.

На 25.02.2020 доставена е пријавата за ре-акредитација од ИАРСМ. ИАРСМ терминот за реакредитација го одреди на 6 и 7 Април 2020 година кој поради појавата на пандемијата COVID-19 како и воведување на вонредна состојба на територијата на РС Македонија, а со уредба на Владата на РС Македонија се одложи (Сл. Весник на РСМ бр. 97/2020 Уредба со Законска сила за примена на Законот за акредитација во вонредна состојба).

Во склоп на потребите за одржување на стандардот МКС EN ISO/IEC 17025:2006., но исто така и за имплементација на новата верзија од

стандардот МКС EN ISO/IEC 17025:2018, реализирани се обуки на наши вработени како во земјава така и во странство.

За да се постигнат успешни акредитации непречено се набавуваа реагенси, стандарди, се учестваше во меѓулабораториски тестирања, се вршеа редовни сервисирања и калибрација на опремата, и др., за што јас како Декан заедно со Деканатската управа дававме максимална поддршка.

Благодарение на превземените активности и воспоставениот систем за акредитација во лабораториите на ФВМС, во изминатиот период се вршеа анализи за потребите на стопанството и за различни претпријатија, друштва и стопански субјекти по нивно барање. Во таа насока, во извештајниот период се потпишани нови 16 договори со коминтенти кои комерцијално ги користат услугите на лабораториите на Факултетот, со што се потврдува носечката улога за лабораториските услуги кои ги нуди во државата.

Како гаранција за своите заложби за унапредување на своите применувачки активности, Декантската управа од Факултетот за ветеринарна медицина-Скопје, достави барање до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство за овластување на Лабораторија за вршење на анализа и суперанализа на сурово млеко. По извршениот надзор од страна на комисија од МЗШВ за исполнување на условите од член 138 став 2 од Закон за квалитет на земјоделски производи (Сл. Весник на Република С. Македонија бр. 140/10 со измени и дополнувања) утврдено е дека Факултетот ги исполнува условите за стекнување на статус на овластена лабораторија за вршење на анализи и супер-анализи на сурово млеко и добеиено е Решение од МЗШВ (бр. 34-249/19 од 25.10.2019 година). Со ова решение се зголемуваат одговорностите на Лабораторијата за контрола на квалитетот на сурово млеко чиј персонал уште повеќе ќе се посвети на секојдневните предизвици со кои се среќава секторот за производство на млеко во нашата држава. Дополнително, набавен е нов автоматизиран инструмент за утврдување на хемискиот состав на суровото млеко (масти, протеини, лактоза, сува материја, уреа) и за броење на соматските клетки (главен индикатор за здравствената состојба на млечната

жлезда кај молзните животни), како и апарат за броење на бројот на бактерии во суровото млеко (параметар кој ја отсликува хигиенската состојба). Сите овие чекори се со цел за модернизирање и зголемување на капацитетот на Лабораторијата, а со тоа и поефикасна соработка со сите партнери во секторот на млекопроизводство. Сите овие активности се во насока на обезбедување на техничка и експертска подршка на Министерството за земјоделсто, шумарство и водостопанство, Агенцијата за храна и ветеринарство и млекопроизводителите во државата со цел зајакнување на состојбите во млекопроизводството.

Овој тренд на превзмени активности и во иднина ќе се инстензивираат преку веќе превземените чекори во процесот на акредитација и имплентација на новата верзија од стандардот МКС EN ISO/IEC 17025:2018.

## 5. ИНВЕСТИЦИИ ЗА РАЗВОЈ НА ФАКУЛТЕТОТ

Инвестициите на Факултетот за ветеринарна медицина-Скопје се круцијален дел од работата на Деканот и Деканатската управа преку кој се овозможува развој на високобразовната, научно-истражувачката и апликативната дејност.

И оваа година мора да истакнам дека без финансиска подршка од надлежните институции, Деканатската управа во соработка со вработените продолжи со инвестиции од сопствени средства за развој на Факултетот, а најголемите напори и вложувања се направени во насока на зголемување на капиталните инвестиции.

Така по иницијатаива на Деканатската управа направен е геодетски елаборат за извршен премер во функција на запишување на недвижности кои останале со незапишани права за КП 278/9 КО Дихово со што Факултетот има извадено имотен лист 2205 КО Дихово и со што Факултетот

се стекна во сопственост на земја, објект, опрема и право на дел од трафостаница.

Инвестиции кои опфаќаа санација, преадаптација и реконструкција се правеа на сите објекти кои ги користи Факултетот по барање на Раководителлите на внатрешните организациони единици.

Преку спроведена јавна набавка бр. БПП 28/2019 е склучен договор на 744.450,20 ден. (со ДДВ) за промени на старите прозорци со нови ПВЦ прозорци во лабораториите и канцелариите (вкупно 79 прозорци). Инвестициите беа во просториите на сите три Института на ФВМС согласно со потребите.

И оваа година преку тековното одржување на направени се реконструкции за одржување на зградата на Ветеринарниот институт.

Така по целосно реновирање на вториот кат од Ветеринарниот институт кој се изведуваше во минатата година, во извештајниот период на Деканот направена е целосна санација првиот спрат со ходниците и канцелариите, со пропратна нивна обработка и кречење на целиот спрат со скалите, реконструкција на делот на вирусолошките лаборатории, приемното одделение, тоалетите, поставување на ПВЦ подни облоги, санација на елктричната инсталација и сл. Овие инвестиции ќе продолжат и во тековнава година со засилено темпо со цел да се создадат функционални единици за потребите на лабораториите за молекулана дијагоностика. А ќе се направи обид и за содавање на нови функционални организациони поставености на лабораториите за потребите на апликативната работа со можност за создавање на капацитет за практична настава за студентите.

Во Институтот за репродукција се направени санации на тоалетите, канцаларискиот простор а создадена е и нова интегрирана Лабораторија на патохистологија и хистологија со што се заокружи една функционална целина на предметите за кои се потребни морфолошки анализи. На половина од објектот позната како “сењак” се поставени боксови за животните (овци и коњ) кои се чуваат на Факултетот и се наменети за настава кај клиничките дисциплини со комплетна инфраструктура.

Интенцијата е во иднина да се обезбедат и големи преживни животни со цел да се зголемат капацитетите за практична настава.

Истовремено со овие активности се превеземни дејствија за проширување на капацитетите за потребите на Универзитетската ветеринарна болница, Клиниката за домашни миленици. Така со Одлука на Деканатската управа (бр. 0201 – 371/11 од 11.03.2020 година) е одобрено изработка на проектни планови за архитектура, водоводи и инсталации, машинство и електрични инсталации за објект на Факултетот за ветеринарна медицина –Скопје кој е запишан на имотен лист бр. 1037 издаден од Агенција за катастар на недвижности кој се наоѓа на КП 1172/1 КО Гази Баба, според кој корисник на имотот е Јавната научна установа Ветеринарен институт кој е правен претходник на Факултетот за ветеринарна медицина – Скопје со цел адаптација и реконструкција на објектот за потребите на високобразовната дејност на ФВМС. Преку изработката на планот, се пристапи кон тековно – инвестициско одржување и санирање на оштетените делови од објектот кој опфати санација на подот преку поставување на нова бетонска-армирана плоча со кошулица со целосна изолација и пропратна инфраструктура со цел санација и нивелирање на подот како и санација и промена на водоводната мрежа и фекалната инфраструктура низ целиот објект.

Соочувајќи се со проблеми од просторен капацитет за одржување на параклтичната настава на студените на ФВМС и согласно препораките на ЕАЕВЕ и забелешките од консултатитниот извештај за работа во клиничките предмети при процесот на евалуација, повикувајќи се на усвоената Стратегија за развој на Факултетот, Деканатската управа спроведе доплнителна јавна набавка (бр. 06690/2020-Адаптација со преуредување и реновирање на внатрешните простории во објект на Факултетот за ветеринарна медицина) во која се предвидени активности за комплетна санација и адаптација на објектот согласно проектните документации кој би требало да зврши во текот на оваа година со што ќе се овозможи реорганизација на останатите дисциплни за кои имавме забелешки со што

ќе се создадат предуслови за исполнување на одредени критериуми во клиничките области што е стратешката одлука на Наставно-научниот совет за исполнување на стандардите за ЕАЕВЕ акредитација.

И во Институтот за храна имаше развојни инвестиции. Така направена е комплетна реконструкција на лаборторијата за млеко која сега има зголемен просторен капацитет е лоцирана директно до приемното одделение и има функцинална поделеност согласно типот на анализи кои се прават за испитување на млеко. Дополнителни е направена реконструкцција на подот преку ставање на ПВЦ винилна облога и термиизолациона фасада. Покрај набавката на нова опрема, Факултетот склучи и Договор за користење на опрема без надомест, сопственост на Индустрија за млеко, млечни производи и сокови МЛЕКАРА АД – Битола, со следниот опис: BactoScan Integrated Milk Testing Connveyor 4000, со сериски број 0305200410 од производителот FOSS Analytical A/S од Данска, за потребите на Лабораторијата за контрола на сурово млеко во Институтот за храна при Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје(Одлука на ДУ бр. 0201 – 1413/4 од 14.08.2019 година).

Исто така е создадена мултифункционална лабораторија за хемја, биохемја и физиологија која се наога во непосредна близина на апаратите во лабораториите за апликативна работа кои се користат за овие предмети.

Покрај тоа, во сите објекти на Факултетот континуирано се вложува во одржувањето на инсталациите, во предавалните, во вежбалните, во лабораториите и во другите простории, што ќе представува постојана обврска на Деканатот.

И оваа година посебен акцент сакам да ставам на обновниот возен прак.

За таа цел во извештајниот период на Деканот преку спроведени јавни набавки се набавени 4 возила и тоа:

- две товарни моторни возила за транспорт на мостри (тип Фиат Фиорно Комби 1.3 MJET) (Договор бр. 0507-1218 од 5.07.2019 година)

- патничко возило - комбе за потребите за превоз на студенти и вработени на ФВМС, (тип Пежо Боксер Комбе, 2.2 HDI/130 KS). (Договор бр.. 0507-2189 од 17.12.2019 година)
- комерцијално возило за потребите на Факултетот, (тип Тојота Корола седан, 1.6 ВВТИ 6МТ) (Договор бр. 0507-2188 од 17.12.2019 година)

Со тоа Факултетот во изминатите две години целосно го обнови возниот парк а со новите возила значително е подобрена пред се безбеедноста и состојбата за земање на мостри на терен за потребите од апликативна работа, за излегување на стручните служби на терен за ветеринарни услуги, за извршување на туберкулинизација кај говедата, посета на фарми и сл.

Деканатската управа и оваа година во планот за јавни набавки предвиде уште едно теренско возило за потребите на Ветеринарниот институт за што обезбеди средства и конта од Униврезитетот, но поради состојбата во држава со Ковид 19 и забараната за набавка на автомобили со Уредба на владата со законска сила, се уште немаме дозвола за набавка на истото.

Искрено се надевам дека оваа остојба ќе помине и ќе се овозможи набавката.

Еден од најголемите приоритети на мене како Декан и на Деканатската управа во извештајниот период беше да се изврши осовременување и дополнување на лабораториските капацитети со нова и посовремена опрема.

Во извештајниот период преку спроведени постапки за јавни набавки е набавена опрема во висина од 32.773.469,00 со ДДВ и тоа:

- UHPLC MS/MS тандем квадрупол систем за анализа на контаминенти (пестициди и микотоксини) и резидуи од ветеринарни лекови ( Договор бр. 0507-1273 од 15.07.2019 година (21.830.000,00 ден со ДДВ)

- Инструменти за хемиска анализа и броење на соматски клетки во сурово млеко од крави, овци и кози (Договор бр. 0507-1233 од 8.07.2019 година (7.996.537,00 ден со ДДВ)
- Лабораториски анализатор на влага – влагомер (Договор бр. 0507-2121 од 2.12.2019 година (409.46000 ден со ДДВ)
- Атвоматизиран систем за изведба на капиларна гел - електрофореза со потрошен материјал и софтвер за анализа и складирање на генетски податоци (Договор бр. 0507-2178 од 16.12.2019 година (2.537.472,00 ден со ДДВ)

Целата опрема е исплатена согласно склучените договори а во текот на наредната година веќе се обезбедени планови за набавка на опрема каде акцентот е ставен пред се на потребите на Ветеринарниот институт, Клиниката за домашни милници и Институтот за репродукција и биомедицина.

Покрај наведената опрема, за потребите на лабораториите е набавена бела техника (ладилници, микробранови печки, климатизери, грејни тела и сл.), направена е набавка на персонални компјутери, набавени се лабораториски столчиња и канцелариски столови, гардероберски метални плакари за студенти и др.

Тука посебно би сакал да ја истакнам активноста на колегите од Лабораториите на Ветеринарниот институт (молекуларна, серологија и микоробиологија), кои со своите лични ангажмани успејаа на Факултетот да му обезбедат донација на опрема и реагенси преку проектот на ИАЕА (INT0098 2020-03-31_North_Macedonia_Covid_19_Support) во висина повеќе од 80,274.00 евра за активностите кои ги превземаа во борбата со пандемијата на Ковид 19.

Така Факултетот се здоби со биохазардна кабина од трет степен ниво на безбедност (Airstream® Class III), ПЦР кабина за мастремикс, микроцентрифуги за екстракција, миксер ( вортекс) 3 , скенер за криотуби, ПЦР термоцајклер, автомастки екстрактор на нукленински киселни и

одредена количина на прајмери, бовин серум албумин, MgSo4, РНА китови, ДНА мастер миксови, ДНА полимераза и др.

Исто така и во рамките на проектот IAEA TC project RER5023 колегите од Катедрата за паразитологија успејаа да добијат опрема наменета за заловување на комарци, куликоиди и крлежи.

Секако за ова имаа отворена подршка од мене како Декан и до Деканатската управа.

Овие заложби ги преставувам како позитивен пример за тоа како се гради една институција и како треба преку ангажман да се допринесува за развој на Факултетот.

Искрено се надевам дека овој пат ќе го следат и многу други млади колеги од Факултетот за кои јас како Декан заедно со Деканатската управа ќе дадеме целосна подршка.

## 6. МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА И АКТИВНОСТИ НА ОПШТЕСТВЕНО НИВО

Меѓународната соработка на Факултетот за ветеринарна медицина – Скопје завзема важен дел преку која заедно со останати ветеринарни и други сродни факултети се остваруваат голем број на активности од заеднички интерес во обласста на образованието, размена на наставно-научен кадар и на студенти, размена на научни публикации и информации, учество во заеднички научно-истражувачки програми и проекти од зеднички интерес со цел користење на фондовите и приоритетите на Европската Унија, активности поврзани со анализи на аналити со акредитирани методи и сл.

Во извештајниот период оваа соработка е проширена со неколку странски факултети/академии, научни институти, акредитирани лаборатории и др.

Така соработката е проширена со Одлуки на Наставно-научниот совет на Факултетот за ветринарна медицина со следниве институции:

- Договор за билатерална соработка во областа на ветеринарната медицина помеѓу Факултетот за земјоделство и ветероравство при Универзитетот во Приштина, Косово и Факултетот за ветеринарна медицина цо Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје. (договор бр. 03-1214 од 05.07.2019 год.),
- Договор за билатерална соработка во областа на ветеринарната медицина помеѓу Факултетот за ветеринарана медицина при Универзитетот заприродни науки и технологи во Латвиа и Факултетот за ветеринарна медицина цо Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје. (договор бр. 03-1553 од 10.09.2019 год.),
- Договор за билатерална соработка во областа на ветеринарната медицина помеѓу Научниот институт за одгледувањена животни и агроклутура од Тројан Бугарија Тројан и Факултетот за ветеринарна медицина цо Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје. (договор бр. 03-2186 од 17.12.2019 год.)
- Договор за соработка меѓу Федералната државна буџетска образовна институција за високо образование „Московска државна академија за ветеринарна медицина и биотехнологија – МВА К.И.Скрјабин" (Москва, Руска федерација) и Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Факултет за ветеринарна медицина (Скопје, Македонија). (договор бр. 03-2151 од 10.12.2019 год.)
- Договор за билатерална соработка во областа на ветеринарната медицина помеѓу Факултетот за ветеринарана медицина при Универзитетот во Тирана, Албанија и Факултетот за ветеринарна медицина цо Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје. (договор бр. 03-2250 од 26.12.2019 год.)
- Договор за лабораториски услуги во областа на ветеринарната медицина помеѓу Научниот институт за ветеринарна медицина во

Србија и Факултетот за ветеринарна медицина цо Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. (договор бр. 03-76 од 21.01.2019 год.)

Како и секоја година, Факултетот беше активен во мрежата на ветеринарни факултети VetNEST. Оваа година делегација од Факултет учествуваше на годишното собрание на мрежата VetNEST, Брно (Чешка Република), 26-29.9.2019 година, чии што домаќини оваа година беа Факултетот за ветеринарна медицина и Факултетот за ветеринарна хигиена и екологија при Универзитетот за ветеринарни и фармациски науки од Брно (Чешка Република). Како значајна новост од страна на нашиот Факултет беше истакната акредитацијата на студиската програма на англиски јазик која треба да започне од академската 2020/2021 година, а нашата делегација исто така го информира собранието дека ФВМС се има пријавено за визитација од страна на EAEVE во 2023 година.

На состанокот беше претставена летната школа "Animal Welfare, Veterinary Ethics and Law, and Communication Skills" („Благосостојба на животните, ветеринарна етика и легислатива и комуникациски вештини“). На оваа школа учествуваа предавачи од ФВМС проф. д-р Влатко Илиески, Мирослав Радески (Ќосевски), ДВМ, како и неколку студенти од нашиот Факултет. Исто така, од наша страна собранието беше информирано дека следнава академска година истава школа ќе со одржи во нашата земја, во Охрид.

Делагација од Факултетот за ветеринарна медицина-Скопје остварија официјална посета на Московската државна академија за ветеринарна медицина и биотехнологија – МВА К.И. Скрјабин, по повод 100 годишнината од основањето на акаедмијата. На официјалната средба е потврдена соработката помеѓу двете институции со потпишување на уште еден договор за соработка со новиот ректор на академијата, проф. д-р Сергеј Владимирович Позабин со кој се потврдува соработката во областа на едукацијата и научноистражувачка работа, како и мобилност студенти и наставно-научен кадар, размена на научни публикации и информации како

и соработка при апликација на заеднички научно-истражувачки проекти од зеднички интерес.

Исто така делагација од Факултетот за ветеринарна медицина-Скопје, предводена од Деканот проф. д-р Лазо Пендовски оствари официјална посета по повод 100 години од основањето на Факултетот за ветеринарна медицина при Универзитетот за природни науки и технилоги од Јелгава, Латвиа.

Факултетот за ветеринарна медицина-Скопје е одликуван со медал за сеќавање и благодарница за успешна соработкана 100 годишнот јубилеј од основањето на Ветеринарниот факултет при Универзитетот во Загреб. Наградата на свечената академија ја прими деканот на ФВМС проф. д-р Лазо Пендовски, кој од името на вработените му честита на проф. д-р Ненад Турк, декан на Ветеринарниот факултет во Загреб и на нагoвиот тим за постигнатите успеси на оваа престижна високообразовна институција, лидер во ветеринарната медицина во регионот и пошироко во југоисточна Европа.

На полето на општествената активност, Деканатот и оваа година ги вклучуваше сите вработени на Факултетот преку нивна номинација во стручните и професионални асоцијации од обласата на ветеринарната медицина, координативни тела, судски вештачења и работни групи од разни министерства и агенции како и во универзитетските тела.

Тука посебно сакам да ја истакнам добиената согласност од Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје однсоно Универзитетскиот сенат ( Одлука бр, 02-552/11 од 26.5.2020 година) со која се дава согласност на проф. д-р Влатко Илиески да врши високобразовна дејност на Универзитетот во Загреб на предметот Sheep and Goat behavior and Welfare на последипломските специјалистички стидии Farm Animal Welfare по англиски јазик.

Соработката на нашиот Факултет е на исклучително виско ниво со останатите факултети од УКИМ, а пред сè оние кои ни даваат наставни услуги преку наставници и соработници ангажирани во наставниот процес, но и соработката со факултетите од биотехничкото подрачје од нашиот

кампус, со кои оствaруваме исклучителна соработка и постојано бараме начини за нејзино продлабочување и проширување.

Сите овие превземени активности на Факултетот за ветеринарна медицина – Скопје овозможуваат да во рамките на Универзитетот, државата и во опкружувањето, континуирано се потврди неговото високо реноме.

## 7. КАДРОВСКА СОСТОЈБА НА ФАКУЛТЕТОТ

За нормално функционирање на сите дејности на Факултетот, деканатот и во изминатата година превзеде низа активности насочени кон Министерството за образование и наука, Министерството за финасии секако почитувајќи ја интегративноста на Универзитетот, во однос на решавањето на проблемот со примање на нови кадри во нашата институција.

Како проблем сеуште претставува кадровската екипираност на одредени катедри, недостаток на доктори по ветеринарна медицина, стручни соработници, стручни соработници-аналитичари, лаборанти, ветеринарни техничари и кадри во административната служба.

Во 2019 година беа поднесени неколку барања за вработувања на персонал (на неопределено и на времен ангажман) а резултираше со добивање на две (3) нови согласности за отворање на три работни места за извршување на наставно-образовниот процес и апликативната работа на неопределено време за кои се обезбедени средства од буџетот на РМ.

Согласно правилата за вработување, на таранспарентен начин, со објавување на конкурс во дневните гласила вработувањата се реализираа со што ги подобрија човечките ресурси на Факултетот. Така новите вработувања успешно се реализираа преку запослување на еден аналитичар на Институтот за храна, еден доктор по ветеринарна медицина во Ветеринарниот исннтитут и еден доктор по ветеринарна медицина Иснтитутот за репродукција и биомедицина.

Дополнително се ослободија три работни места за потпишување на договор на дело за 2 години, согласно Законот за трансформација на работни места, кое беа реализирани во Ветеринарниот институт и Универзитетската ветеринарна болница.

Земајќи во предвид дека на Факултетот постои сериозен недостаток во стручно-административната служба а веќе долги години не се добиваат согласности за нововработени, Деканатска управа превзеде модел кој се применува на голем број други државни исгитуции и објви јавна набавка за сметководствено-финансиски услуги преку која на јавен и транспарентен начин склучи бр. 0507-138 од 3.02.2020 година со кој се овозможи ангажиман на две лица за работа во стручно-администратувната служба на Факултетот. Со ова значајно се подобри пред се финансиското работење на службата, пред се во делот на издабање на фактури кон комитенти но исто така и административно се подобри делот за прием на барања за анализи.

Уште поголем е проблемот што немаме позитивни одговори и на веќе поднесените барања за согласности до МОН и МФ за нашите докторанти каде ги известуваме дека Факултетот е спремен овие трошоци да ги покрие и од сопствени приходи доколку дозволи Министерството за финасии со цел непречено напредување во кариерата а кои на Факултетот за ветеринарна медицина – Скопје согласно стариот Закон за високото образование (Службен весник бр. 35/2008, 103/2008, 26/2009, 83/2009, 99/2009, 115/10, 17/11, 51/11, 123/12, 15/13, 24/13, 41/14, 116/14, 130/14, 10/15, 20/15, 98/15, 145/15, 154/15, 30/16, 120/16 и 127/16) во кој не постоеа асистенти, беа даватели на јавни услуги и беа со одлуки на Деканатската управа и Наставно - научниот совет активно вклучени во наставниот процес како докторанди помошници во наставно-образовниот процес при помагање во подготвувањето и изведувањето на лабораториски вежби, клиничка и теренска настава со цел остварување научна и високообразовна дејност на Факултетот. Истовремено Минсистерствата се известени дека во текот на изминатите години Факултетот спроведе исти процедури за уште две звања (еден научен соработик и еден доцент) за кои немавме никакви забелешки, примедби или сугестии од МОН или МФ пак од било кој друг

државен орган и ги замолуваме врз основа на претходно спроведените процедури се овозможи унапредување на наставниот процес на наставни предмети на Факултетот.

Поради молкот на администрацијата во ресорните Министерства и одбиените барања за вработувања кои редовно се поднесуваат во текот на секоја година, во периодот кој следи, Деканатската управа планира да го примени истиот модел и да изврши ангажман на персонал/лица кои се неопходни за нормално функционирање на Факултетот. Истиот модел е веќе применлив и за одржување на хигиена на Факултетот како и за одржување на двор и хранење и грижа за животни.

И покрај ваквата состојба, Деканатската управа и понатаму упорно ќе се заложува и ќе ги користи сите расположливи инструменти за да во иднина добиеме што е можно повеќе согласности за работни места со цел кадровско екипирање на ФВМС и тоа на сите можни позиции вклучително наставно-образовен кадар, стручен кадар, лаборанти и вработени во стручно-админстативната служба на ФВМС.

## 8. МОБИЛНОСТ НА КАДАР И СТУДНЕТИ

Во извештајниот приод на деканот, Факултетот преку одлуки на Декантската управа даваше активна поддршка на вработените и на студентите за учество во летни школи, студентски конфернции, размени и сл., користејќи ги програмите за мобилност или договорите кои Факултетот за ветеринарана медицина ги има потпишано со други сродни институци.

Така во периодот од 16 до 20 јули 2019 година студентите од ФВМС Симона Хаџиска, Андријана Тончевска, Коста Петрески, Владимир Русовски, Елена Митревска, Иван Јанев и Иван Лозанче успешно ја реализираа студентската летна пракса во организација на Ветеринарниот факултет во Софија (Бугарија), која оваа година се одвиваше во Центарот за обуки при Институтот за планиско сточарство и полјоделство во Тројан. Летната пракса опфати две предавања, теренска пракса во една приватна

краварска фарма, посета на фармите во рамките на Институтот (за крави, за овци и за кози), како и посета на Природно-научниот музеј во близина на Тројан. Студентите беа придружувани од проф. д-р Игор Улчар, и доц. д-р Бранко Атанасов, кој беше и еден од предавачите

Понатаму, во периодот од 10 до 13 јули 2019 година делегација од студенти на ФВМС: Ивана Арсовска, Јане Влахов, Димитар Божиновски, Мартин Буровски, Борис Димитриевски, Елена Радевска и Неда Кузмановска учествуваа на меѓународните студенстки игри „Ветеринијада 2019" кои се одржаа во Крањска Гора (Словенија), во организација на студентите од Ветеринарниот факултет во Љубљана. Нашите студенти ги придружуваа проф. д-р Игор Улчар и доц. д-р Бранко Атанасов. Во програмата на овогодишната Ветеринијада беа вклучени предавања одржани од професори на Ветеринарниот факултет во Љубљана, натпревари во футсал, посета на Националниот парк „Триглав", како и завршен пикник. Сето ова беше проследено и со опуштено дружење помеѓу студентите од Скопје и Љубљана.

Традиционално врз основа на потпишаниот булатерален договор Факултетот за ветеринарна медицина во Истанбул, во периодот од 19-30 август 2019 година студентите на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопја: Илија Цикарски, Марија Костиќ, Сара Ѓорѓиевска и Кристина Дојчиновска одржаа летната пракса.

Исто така и Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје успешно ја реализираше летната екстрамурална пракса за студентите од Академијата за ветеринарна медицина во Санкт Петербург, Русија и од Факултетот за ветеринарна медицина од Истанбул, Турција, во периодот од 01-12 јули 2019 година. Студентите реализираа практична настава од предклинички и клинички науки во Универзитетската ветеринарна болница, во лабораториите на Ветеринарниот Институт, Институтот за храна и Институтот за репродукција и биомедицина.

На студентот Бојан Ѓорѓиевски, учествуваше на летната школа „Health Control in Mountain Animal Breeding" која се одржи воперидоот од 15 – 30 јуни 2019 година во Стара Планина, Р.Србија.

На Сандра Ташкова и Емилија Мурџева, студенти на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје им се одобри учество на CEEPUS летната школа – Аквакултура која се одржа во периодот од 7-14 јули 2019 година во Сараево , Босна и Херцеговина.

Факултетот за ветринарна медицина – Скопје како член на мрежата VetNEST доби повеќе мобилности за студентите и вработените. За жал поради состојбата во светот овие мобилности не беа реализирани преку програмата за мобилност CEEPUS (CIII-HR-0107-10-1617).

Во овој дел од извештајот би сакал да ја издвојам и програмата ERASMUS+ (European Region Action Scheme for the Mobility of University Students), преку која се овозможи мобилност на студенти и наставен кадар во институции во Европа со кои Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" односно Факултетот има потпишано договор за соработка.

Мобилност на студент имаше на Ветеринарниот факултет во Загреб, Р. Хрватска каде Сандра Ташковска престојуваше. За жал и оваа мобилност прекина и следеше враќање на студентката на 17.4.2020.

Од странски студенти, на Факултетот за ветринатна медицина – Скопје дојдоа две студентки преку програмата на Еразмус и тоа Adela Łukasik и Justyna Klasa ( 8 и 10 семестар) од Универзитетот од Вармиа и Мазиру, Факултет за ветринарна медицина Олшин, Полска. И нивниот престој беше прекинат поради сотојбата со Ковид 19.

Во програмата на Еразмус +, проф. д-р Сашко Сабев од Факултетот за ветеринарна медицина во Стара Загора, Бугарија престојуваше на Катедрата за домашни миленици и копитари во периодот од 25-28.11.2019 година. Професорот беше активно вклучен во активностите на Клиниката.

За летниот семестар во академската 2019/2020 добиени се мобилности преку Еразмус + програмата за два професора кои останаа нереализирани поради Covid-19 а тоа се: Проф. Artur Niedźwiedź од

Факултетот за ветеринарна медицина во Вроцлав, Полска кој требаше да ја престојува на Катедрата за миленици при Универзитетската болница, ФВМС (11.5-15.5.2020) и проф. Трпе Ристоски (16,3-20.3.2020) на Универзитетот во Парма, Италија.

Во оваа година Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје побара согласност од Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје за потпишување на ЕРАЗМУС+ договор за соработка. Така во последната учебна година (2019-2020) потпишан е еден договор со Факултетот за ветеринарна медицина во Олштин при Универзитет на Вармиа и Мазури, Олштин, Полска, а во тек е подготвка на договори за соработка со Латвија (Одлука Ду бр. 0201 –1809/3-17 од 14.10.2019 година) и Молдавија ( одлука од ДУ бр. 0201 –152/8-10 од 11.02.2020 година) кои би се реализирале во следната учебна година.

Сите овие наведени мобилности се оствариja благодарение на претходните превземени активности во овие програми и потпишаните билатерални договори и одличната соработка која се интензивира во последните години.

## 9. СТУДЕНТСКА ОРГАНИЗАЦИЈА И СТУДЕНТСКИ АКТИВНОСТИ

Факултетот за ветеринарна медицина е во тесна соработка со студентите и посветува посебна грижа за нивно вклучување во сите облици на делување на Факултетот. Претставниците на студентите учествуваат во работата на органте (ННС и ДУ) и имаат свој претставник и во Комисијата за самоевалуација и во Одборот за доверба и соработка со јавноста. Барањата поврзани со наставниот процес, за финансиска помош, барањата на нивните активности и сл., беа решавани на седниците на органите за управување на Факултетот.

Студнетите се есенцијален дел од наставниот процес и се носители на инвентивноста која оваа година резултираше со низа активност, организација на работилници, хуманитарни акции и сл.

Соработката со студентите во текот на минатата година беше на исклучително високо ниво. Деканатот постојано ги поттикнуваше студентите да земат активно учество во сите процеси на одлучување и креирање на нови решенија.

Студентите и оваа година беа активно вклучени во Комисијата за промотивните активности на Факултетот но исто така организираа промоција преку настани кои широко ја афирмираат улогата на Факултетот за ветеринарна медицина - Скопје.

Врз основа на новиот Статут на УКИМ и Статутот на ФВМС, по иницијатива на Деканот и Продеканот за настава, беше организирана 1. конститутивна седница на Факултетското студентско собрание на Факултетот за ветеринарна медицина – Скопје на 13.01.2020 година. На седницата се изврши верификација на мандатот на членовите на Факултетско студентско собрание и на претседателот на Факултетското студентско собрание.

Врз основа на спроведените студентски избори на 28.11.2019 година со тајно гласање за избор на членови и на претседател на Факултетско студентско собрание на Факултетот за ветеринарна медицина – Скопје за мандатен период од 1 (една) година се избрани студенти кои ги исполнуваат условите.

За претседател на ФСС на Факултетот за ветеринарна медицина – Скопје за мандатен период од 1 (една) година е избран студентот Јане Влахов.

Една од позначајните активности кои ги донесе Факултетското студентско собрание на Факултетот за ветеринарна медицина – Скопје е на третата седница на одржана на ден 6.4.2020 година каде со Одлука бр. 18-536/2 од 10.4.2020 година студентите го усвоија Статутот на Факултетското студентско собрание на Факултетот за ветеринарна медицина – Скопје согласно претходно донесената одлука на Наставно – научниот совет на

Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје на кој на 32. седница одржана на 30.3.2020 година донесе одлука бр. 0202-372/5 за давање претходна согласност на Статутот на Факултетското студентско собрание на Факултетот за ветеринарна медицина – Скопје.

И оваа година активностите и резултатите на Интернационалната ветеринарна студентска асоцијација (ИВСА) беа исклучителни.

Студентите од ИВСА успешно го организираа и одбележаа хуманитарниот настан „Топли срца – ладни шепи" кој се одржа на 21.12.2019 као новогодишен хуманитарен базар за собирање на средства за бездомните животни во кафе барот Синдикат. Ивса – Скопје го рекламираше настанот преку поставување на постери низ градот Скопје и на своите социјални мрежи каде што беа наведени сите потребни информации за настанот, но исто така беше најавено и дека собраните средства ќе се донираат во Амос – прифатилиштето за бездомни животни. Студентите ги повикаа граѓаните со пораката „Да им помогнеме на оние кои се заборавени, оние кои се изгубени, оние што се исфрлени. Оние кои имаат топли срца и ладни шепи - бездомните животни." Настанот беше поддржан од преку 20 медиумски портали во Македонија и беше топло поздравен од сите читатели, учесници и случајни минувачи.

Понатаму, на 04.11.2019 година, во просториите на Факултетот за Ветеринарна Медицина – Скопје, се одржа настан по повод одбележување на светскиот ден на концептот "Едно Здравје".

За таа цел, најпрво беше одржано кратко предавање од страна на проф. Д-р Влатко Илиески во контекст на One Health и One Welfare. По претходни консултации со професорот беа разработени следниве теми:

- Подобрена благосостојба на животните – поврзаноста на сиромаштијата со поддршката од локалната заедница
- Зголемен бидиверзитет – подобра благосостојба
- Зголемени животни можности – хумана рехабилитација и вдомување на бездомни животни

- Подобрена благосостојба на животните – зголемена благосостојба и ментално здравје на сопственикот (хординг на животни)
- Намалување на насилството врз луѓе и животни

Присутните студенти беа поделени во 5 групи. Со помош на своите ментори ги разработија горенаведените теми, преку одговарање на претходно поставени прашања, а потоа ги презентираа своите заклучоци.

На крај, студентите имаа можност да го проверат своето знаење од областа на One Health преку решавање на квиз, со претходно подготвени 10 прашања, а потоа сите заедно ги проследија точните одговори преку презентација и дискутираа околу истите.

Исто така студентите од IVSA – Skopje на ден 18.11.2019 организираа настан (едукативна работилница) во чест на одбележувањето на светската недела за борба против антимикробната резистензија, во соработка со катедрата за фармакологија - Проф. д-р Ромел Велев.

Проф. Ромел Велев ја отвори работилницата и ги воведе студентите во проблемите поврзани со антибиотик резистентните бактерии и општото здравје на луѓето и животните. Студентките Нада Цветановска, Андријана Тончевска и Елисавета Лукановска одржаа кратка презентација на со наслов ,,Правилна употреба на антибиотици кај домашни миленици" и тоа на следните теми:

- Нада Цветановска – Антимикробни средства, нивната важност во ветеринарната медицина и настанувањето на антибиотик резистентни соеви на бактерии;
- Елисавета Лукановска – Употреба на антимикробните средства во ветеринарната мала пракса и појава на зоонози;
- Андријана Тончевска – Правилник за рационална употреба на антимикробни средства кај домашни миленици и систем за превенција на зоонози.

Со подршка на Деканот и Деканатската управа стидентите изработија годишен календар на тема *,,Vets With Their Pets"*со фотографии на кој се претставени членовите – студенти на факултетот по Ветеринарна Медицина

во Скопје, заедно со нивните миленици. Календарот го опфаќа концептот на Едно Здравје, па затоа секој месец е посветен на одредено заболување или настан кој се смета за важен или значаен во полето на ветеринарната и хуманата медицина, важноста за заштита на здравјето и животната средина, како и нивната поврзаност.

Нашите студенти од ИВСА во периодот од 17ти до 24ти Февруари во Зарагоза, Шпанија реализираа студентска размена во која учествуваа 10 студенти од Факултетот за ветеринарна медицина- Скопје и воедно членови на ИВСА Скопје. Во склоп на претходно изготвената програма од страна на студентите од ИВСА Зарагоза беа реализирани бројни активности, предавања и друЖби со цел запознавање на студентите од двете земји. Покрај тоа, размената овозможи студентите да ги прошират веќе стекнатите знаења, да се здобијат и со нови но, и да сретнат и осознаат нова и поразлична култура.

Сите овие активности и во иднина ќе продолжат со несмален интензитет и ќе бидат темел за продолжување на симбиозата помеѓу студентите и вработените на Факултетот за ветеринарна медицина-Скопје.

## 10. УНАПРЕДУВАЊЕ НА УСЛОВИТЕ И ОРГАНИЗАЦИЈАТА ВО ФИНАНСИСКОТО РАБОТЕЊЕ СО ПОДОБРУВАЊЕ НА МАТЕРИЈАЛНАТА СОСТОЈБА НА ФАКУЛТЕТОТ

Законските прописи од областа на финансиското работење во Република Северна Македонија, како и прописите од областа на високото образование и општите акти на Универзитетот и Факуктетот, го уредуваат финансиското работење на Факултетот за ветеринарна медицина-Скопје. Работата согласно сите овие прописи е главна цел и посветеност од страна на Деканот и Деканатската управа.

Проблемот со соодветно распределување на финансиските планови со кој се соочува Универзитетот е сеуште присутен, поради тоа што Министерството за финансии ги доделува средствата на УКИМ, па доколку

се скратени плановите на УКИМ, процентуално се скратуваат плановите на единиците, без да се води сметка колку е реализацијата на истите од претходната година. Во поминатиот период дополнително се усложнија работите со ребалансот на буџетот за новонастанатаа ситуација со КОВИД – 19.

Сепак морам да напоменам дека и покрај сите овие проблеми Факултетот успева да работи финансиски позитивно и да ја одржи ликвидноста на институцијата. Во соработка со Одделението за финансиски и административни работи преку Продеканот за финансии, постојано се изготвуваат барања за проширување на финансискиот план, со што успешно се надминуваат дел од проблемите на ова поле кое секако е проследено со голема подршка на Ректорот и одговорните лица во Универзитетот.

Во своето работење Деканатот настојува рамноправно и транспарентно да инвестира и да ги опреми сите организациски единици, во смисла на реновирање на објектите и купување на нова и посовремена опрема и проширување на возниот парк.

Факултетот и оваа година покрај задолжителните 40% од буџетот предвидени за студентите издвои дополнителни средства од самофинасирачки извори, пред се добиени од апликативната работа, за потребите на теоретската и практичната настава од кои се набавени реагенси, опрема и нагледни средства за изведување на практични вежби, а обезбедени се и средства за транспот и изведување на теренска настава за посета на фарми (говеда, овци, свињи, живина), рибници, ловни резервати и стопански субјекти од млечната и месната индустрија и сл.

За зголемување на наплатата на побарувањата, а посебно за да не дојде до застарување на истите, во текот на целата година беа поднесувани тужби за наплата од комитентите кои имаа постар заостанат долг, со што се заштитуваа интересите на Факултетот. Исто така, редовно се доставуваат и опомени кон комитентите, со што се подобрува наплатата, а и се гради добар деловен однос, а воедно и се избегнуваат додатните трошоци за поднесување на тужби и решавање на спорови по судски пат.

Сите нарачки и примања на материјалите, се одвиваат преку Централниот магацин со што се овозможува контрола на добавувачите. Софтверски успеавме да ја контролираме набавката на материјали (реагенси, китови, потрошен материјал и сл.), со што се избегнати непотребните трошоци за набавки на вишоци и создавање на непотребни залихи на кои им истекува рокот за употреба. Се води системски точна евиденција за трошење на материјалите и реагенсите по лаборатории со што се овозможи попрецизно изготвување на плановите за јавни набавки земајќи ги во предвид сите економски параметри кои би довеле до подобрување на финансиската сотојба на ФВМС.

Со цел да се подобри финансиската состојба, Деканатот се трудеше да најде начин за зголемување на мотивираноста на вработените за поголем ангажман согласно со законските можности.

Во поглед на јавните набавки, навремено се носи планот на јавни набавки и истиот се објавува на интернет страната на Факултетот а дополнително од оваа година истиот е објавен и на ЕЈСН што преставува законска обрска согласно новиот Закон за јавни набавки. Во извештајниот период планот за јавни набавки успешно се реализира со распишување на вкупно 126 јавни набавки, (https://www.e-nabavki.gov.mk).

Факултетот преку правилно и навремено планирање, јавно, транспарентно и непречено од сметката од самофинансирачки активности набавува опрема, потрошен материјал и реагенси за континуирано работење на лабораториите на ФВМС, сервисирање, калибрирање и валидација на сета опрема за потребите за акредитација, набавка на профишенси тестови, длабоко замрзнато семе за i/v феретилизација, храна за животните и се останато кое детално е наведено во плановите за јавни набавки и објавено транспарентно на страната на ЕЈСН.

Секако тука се вклучени и набавките за потребите на практичната настава, за потребите во науката и административните потреби на Факултетот.

# 11. РАБОТА НА ОРГАНИТЕ НА УПРАВУВАЊЕ НА ФАКУЛТЕТОТ

Работата на органите на управување на факултетот во извештајниот период се одвиваше тековно. Како декан се придржував на спроведувањето на важечките законски прописи и нормативни акти на Факултетот, Универзитетот и државата. Особен акцент како раководен орган на Факултетот посветував на извршувањето на одлуките и заклучоците на Сенатот на УКИМ, Наставно-научниот совет и на Деканатската управа.

Грижата за вршење на високообразовна, научно-истражувачка и применувачка дејност беше во приоритетите на моето работење според постојните законски и нормативни акти.

Во извештајниот период, одржани се голем број седници органите на управување на факултетот на Факултетот, и тоа 12 редовни и 1 вонредна седница на Наставно научниот совет и 14 седници на Деканатската управа.

Седниците на Наставно-научниот совет и на Деканатската управа се свикуваа навремено со нивно темелно подготвување, со цел тие да бидат што поефикасни и поконструктивни. Особено внимавав на тоа да одлуките за избор во звања да се носат согласно со правилниците за избор на лица во наставно-научни, научни и соработнички звања и за кои одлуката ја носат членовите на ННС.

Деканатската управа редовно ги подготвуваше и предлагаше актите и материјалите за прашања за кои одлуките се носеа од страна на Наставно-научниот совет или Деканот на Факултетот.

Од увидот во записниците од Наставно-научниот совет, во најголема мера се разгледувани прашања поврзани со наставата, со научно-истражувачките активности на вработените, прашања поврзани со изготвувањето на студиските програми, избори и реизбори на наставен и научен кадар, пријави на докторски дисертации, усвојување на извештаи на рецензентски комисии, студиски престои, прифаќање апликации за проекти, избор на визитинг професори и стручњаци од практиката, се усвојуваа финансискиот план и се донесе завршна сметка (финансискиот

годишен извештај) во рамките на единствениот финансиски план на универзитетот и консолидираната завршна сметка на јавниот универзитет, се носеа општите акти на факултетот, одлуки за организирање на собири, усвојување на стратешки документи за меѓународна соработка на факултетот со други институции и други одлуки во надлежност на ННС.

Тука особено би ги издвоил следните донесени општи акти кои ги поминаа сите тела на Универзитетот а иcлкучително влијаат на работата на органите и телата на Факултетот. Меѓудругите тоа се се:

- Правилникот за систематизација на работните места на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј во Скопје – Факултет за ветеринарана медицина – Скопје (Анекс бр. 11) Универзитетски гласник (бр. 435, 10 Септември 2019)
- Статутот на Факултетот за ветеринарна медицина – Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје (Универзитетски гласник (бр. 460, 18 Октомври 2019)
- Деловникот за начин на работа и одлучување на Наставно-научниот совет, Деканатската управа, внатрешните организациони единици, работните и стручните тела и комисиите на Факултетот за ветеринарна медицина – Скопје (Универзитетски гласник (бр. 501, 08 Април 2020)
- Одлуките за платите и надоместоците на вработените и за распределба на вкупниот приход Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Факултет за ветеринарна медицина – Скопје (Универзитетски гласник (бр. 493, 03 Април 2020)
- Одлуката за доуредување и уредување на прашањата поврзани со начинот на работа на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје во услови на вонредна состојба (Универзитетски гласник (бр. 494, 03 Април 2020)

На седниците на Деканатската управа се рагледувани прашања поврзани за јавни набавки, планот за јавни набавки, инвестициското и тековното одржување на Факултетот, донесување на разни процедури, одлуки за патувања на конгреси, конфренции, симпозиуми и сл., стручни

усовршувања, учество на работилници, одлуки за набавка на книги, одлуки за членства во организации, одлуки за измена и дополнување на ценовникот на услуги во сите дејности на делување, одлуки поврзани со студентите на Факултетот и сл. Исто така, беа разгледувани барања и донесувани одлуки за надоместоци на вработените, како и барања на студентите за финансирање на дел од нивните програмски активности.

Исто така редовно се одржуваа седниците на Советот за докторски студии по Ветеринарна медицина и по Безбедност на храна каде беа разгледувани пријавите на изработени дисертации, беа предлагани комисии за оценка на семинарски трудови. И Одборот за соработка и доверба со јавноста работеше каде што се разгледуваа прашања и се донесуваа мислења согласно ингернциите.

## 12.ЗАКЛУЧОК

Наведените податоците во извештајот за работата на Деканот покажуваат дека реализацијата на програмата поднесена за избор на декан на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје се остварува а со превземените активности на Деканот заедно со Деканатската управа а во врска со унапредување на дејностите на работа на Факултетот се постигнати значителни резултатати во сите полиња на делување (настава, наука и апликација) на Факултетот.

Деканот работата ја извршува врз основа на почитување на Законот за високото образование како и актите и другите нормативи на Универзитетот и Факултетот, почитувајќи ги принципите на автономијата и академската слобода на вработените со запазување на принципите на правичност, трудољубивост, почитување и транспарентност во работата која гарантира интелектуална слобода на членовите на академската заедница и творечката природа на истражувачкиот и образовниот процес што е основа за иден развој на Факултетот.

Декан
Проф. д-р Лазо Пендовски